СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНАТА СРЕДИНА НА ОПШТИНИТЕ ЛИПКОВО, КУМАНОВО И СТАРО НАГОРИЧАНЕ

# Стратешки план за рурален развој на Локална акциона група „Абер 2015“ (2015 - 2020)

**Декември, 2015**

# Содржина


Стратешки план за рурален развој на Локална акциона група ... 1

„Абер 2015“ ... 1

Декември, 2015 ... 1

1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ... 4

2. ВОВЕД ... 6

3. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛАГ „АБЕР 2015“ ... 7

1.1 Клима ... 8

1.2 Хидрографија ... 9

1.3 Почва ... 9

1.4 Планини ... 10

4. ДЕМОГРАФИЈА ... 10

2.1 Население ... 10

2.2 Етничка структура на населението ... 13

2.3 Миграции на населението ... 14

5. ЕКОНОМИЈА НА ТЕРИТОРИЈА НА ЛАГ-ОТ ... 14

3.1 Економски карактеристики на ЛАГ-от ... 14

3.2 БДП во руралната средина ... 15

3.3 Број на вработени, активно /неактивно население ... 17

3.4 Структура на претпријатијата на територија ЛАГ-от ... 18

3.5 Просечна плата во североисточен плански регион ... 19

6. ИНФРАСТРУКТУРА ... 19

4.1 Патна инфраструктура ... 19

4.2 Комунална инфраструктура ... 21

4.3 Енергетска инфраструктура ... 22

7. ОБРАЗОВАНИЕ .......... 22

8. ЗЕМЈОДЕЛСТВО .......... 24

9. ПРИРОДНИ И АНТОРПОГЕНИ РЕСУРСИ И ТУРИЗАМ .......... 27

7.1 Потенцијали за равој на туризмот во рамки на општините во ЛАГ-от .......... 27

АНТРОПОГЕНИ РЕСУРСИ .......... 28

ПРИРОДНИ РЕСУРСИ .......... 30

10. СИТУАЦИСКА АНАЛИЗА .......... 34

8.1 SWOT Анализа .......... 34

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ .......... 39

8.2 Анализа на засегнати страни .......... 43

11. СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА „АБЕР 2015“ .......... 45

9.1 ВИЗИЈА .......... 46

9.2 МИСИЈА .......... 47

9.3 Принципи - вредности .......... 48

9.4 Стратегиска рамка .......... 49

9.5 Можни активности и проекти: .......... 55

12. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА Рурален РАЗВОЈ ЛАГ „Абер 2015“ (2015 – 2020) .......... 57

СТРАТЕШКА МАТРИЦА .......... 57

(2015 – 2020) .......... 57

# 1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Стратешкото планирање во рамки на Локалната акциона група, како процес, има за цел да ги вклучи сите релевантни засегнати страни и заеднички да ја утврди визијата за иднината; да ги дефинира и постави стратегиите за развој; да ја сосредоточи енергијата; да ги идентификува и стави во функција ресурсите на ЛАГ-от и да воспостави основа која ќе осигура дека членовите на ЛАГ-от и останатите засегнати страни кое се учесници во процесот работат на остварувањето на заедничките цели.

ЛАГ-от „Абер 2015“ во процесот на стратешко планирање за рурален развој на својата територија ги идентификуваше сегашните и идните потреби за социо-економски развој на руралната средина и врз основа на тоа ги дефинираше својата визија, вредностите, целите и стратегиите кои треба да дадат резултати во задоволувањето на тие потреби. Стратегијата, како рамка, во себе ги содржи дефинираната визија за развојот на, водечките принципи за имплементација на Стратегијата, стратешките цели, приоритети и мерки за постигнување на зацртаната визија.

Стратешкиот план на ЛАГ-от „Абер 2015“на сублимиран и систематизиран начин ги обработува петте старешки цели, како и врските и корелациите меѓу нив кои, всушност, ги претставуваат чекорите што треба да ги преземе ЛАГ-от во процесот на постигнување на својата визија. Стратешките цели во себе ги содржат приоритетите кои се одговор на ЛАГ-от на предизвиците во процесот на развој на ЛАГ територијата во периодот 2015-2020 година.

Стратегиската рамка ги обединува и систематизира сите елементи на Стратегијата. Во неа се прикажани приоритетните цели, како и приоритетите и мерките кои треба да го обезбедат нивното постигнување.

Доследното следење и реализацијата на мерките содржани во документот од страна раководните структури и ивршната канцеларија на ЛАГ-от, како и соодветната финансиска поддршка ќе обезбедат постигнување на визијата и доверба во посветеноста, транспарентноста и ефикасноста на ЛАГ-от за развој на руралната средина во која тој има надлежности.

Сеопфатниот инклузивен процес на стратешко планирање овозможи да се дефинираат визијата и стратешките цели, групирани во однос на следниве области на интервенција: земјоделството и руралната економија, туризмот, животната средина и квалитетот на живот во руралните заедници. Визијата на ЛАГ-от „Абер 2015“ за развој на руралната средина е:

***„ Подрачјето на ЛАГ „Абер 215 е крстосница на културите и традициите – простор на кој се спроведува рамномерен и одржлив рурален развој и место за растечки животен стадард како резултат на мултиетничката доработка на неговите жители.“***

Стратешките цели на ЛАГ-от се:

1. Унапредување на конкурентноста на земјоделството преку зголемен принос и подобар квалитет на земјоделските производи
2. Развој на руралната економија

3. Развој на рурален туризам и промоција на традиционална храна
4. Заштита и оддржливо искористување на животната средина
5. Подобрување на квалитетот на живот во руралната средина

Стратешкиот план за рурален развој на Локална акциона група „Абер 2015“ (2015 - 2020) е изработен со подршка на Проектот за експанзија на мали бизниси, финансиран од страна на УСАИД.

# 2. ВОВЕД

ЛЕАДЕР е оска во Заедничката европска политика за земјоделство и рурален развој и идна нова мерка на ИПАРД програмата на Република Македонија за периодот 2014 -2020 година. ЛЕАДЕР пристапот е препознатлив како процес во кој од повисокте нивоа се пренесува моќ кон локалното ниво, преку развивање локални стратегии и давање дополнителни ресурси на користење во локалната средина

ЛЕАДЕР е воедно и методологија - водечки концепт во ЕУ за развој на руралните средини, при што како основа ги користи практичните искуства од минатата и сегашна пракса. Таквата пракса покажува дека руралниот развој е можен единствено преку преку создавање партнерства меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, на локално ниво, во кои ќе бидат вклучени сите поединци и организации што можат да придонесат во процесот, здружувајќи ги своите напори и средства што ги имаат на располагање. Ваквото партнерство е вообличено во Локална Акциона група која има мисија да дефинира и спроведува развојни политики за руралната средина во чии рамки дејствува и од чии чинители е формирана.

Локалната акциона група ги дефинира развојните политики во Стратешки план за локален развој на руралната средина во која таа функционира. Старешкиот план е основниот развоен документ кој ги ситематизира и обединува развојните политики, а воедно служи и како управувачки инструмент.

Локалната акциона група „Абер 2015“ целосно ги препознава и уважува значењето и улогата на политиките за рурален развој  и е свесна за сложеноста на самите развојни процеси кои опфаќаат многу засегнати страни и дејности за различни целни групи граѓани. Од друга страна, ЛАГ-от е свесен и за потребата од квалитетни човечки, материјални и финансиски ресурси од кои зависи квалитетот на спроведувањето на овие равојни политики и се заложи за истите да пристапи до различни ресурси и извори на финансирање.

Резултат на ваквата заложба е изработената „ *Стратешки план за рурален развој на Локална акциона група„Абер 2015“ за периодот 2015 – 2020.* Стратегијата се однесува на утврдување на визијата, на позиционирање на стретшките цели, приоритетите и мерките и на идентификување на можните активностите и иницијативите за рураен равој. Стратегијата има за цел да дефинира механизми и да посочи и обезбеди ресурси со кои ќе ги вклучи сите релевантни фактори во развојот на својата територија. Стратегијата се темели на воспоставување ефективни партнерства со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Стратегијата за рурален развој на ЛАГ „Абер 2015“ е подготвена со користење на пристапот од долу нагоре, на консултативен и партиципативен начин, со силна интеракција помеѓу општинската администрација, претставниците на бизнис заедницата и локалните граѓански организации, во текот на 2015 година.[1]

Еден од клучните фактори за успех на стратешкото планирање е создавањето квалитетни предуслови за неговото спроведување. Тоа, меѓу другото, се постигнува

преку посветеност и мотивираност на засегнатите страни за учество во процесот. За да се осигурат овие предуслови, Центарот за развој на Североисточниот плански регион обезбеди пристап, посветеност и активно учество на општинската администрација од општините кои го формираат ЛАГ-от и засегнатите страни во процесот на креирање на Стратегијата. Самиот процес беше првично поткрепен со серија обуки за: (1) градење капацитети за формирање на ЛАГ, (циклус од 4 работилници) и циклус на обуки за стратешко планирање (циклус на 3 обуки).

На процесот на стратешко планирање му претходеше изработка на Основна студија за испитување на потенцијалите за развој на ЛАГ на територија на трите општини: Куманово, Липково и Старо Нагоричане која беше реализирана преку прашалници со сите засегнати страни како и анализа на постојните состојби на оваа територија. Во процесот на изработка на Стратегијата, исто така, беа земени предвид и сите постојни релевантни стратешки документи на локално, регионално и национално ниво.

## 3. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛАГ „АБЕР 2015“

Територијата на ЛАГ „Абер 2015“ е составена од териториите на општините Липково, Старо Нагоричане и Куманово со исклучок на градот Куманово. Територијата на ЛАГ „Абер 215“ е рурална средина во чиј состав постојат 107 рурални заедници – населени места. Ваквата класификација е согласно дефинициите за рурални средини, рурални заедници и рурални региони од Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник 49/2010, член 63). ЛАГ-от претставува просторна економска, климатска, релјефна и социо-културна целина или подрачје (микрорегион) кој територијално припаѓа на Североисточниот плански регион, поточно во неговиот западен дел. ЛАГ-от го одликуваат одделни кохезивни елементи во делот на природните ресурси, создадените вредности, социо- културните и економските поврзаности од една страна, но во исто време разнвидноста на секоја од овие области е голема со што се зголамува вредноста на самиот простор на ова подрачје.

Како просторна целина, ЛАГ-от е лоциран во северниот дел на Република Македонија. Со својата местоположба на југ граничи со Република Србија и Република Косово, на запад со Општина Чучер Сандево и скопските општини Бутел и Гази Баба, додека Општината Арачиново е на југозападната граница. На југ микрорегионот граничи со Општина Петровец и Општина Свети Николе, а на исток со општините Ранковце и Кратово. Територијата на ЛАГ-от опфаќа површина од 1192 км2.



Според официјалните статистички податоци од пописот од 2002 година, на територијата на ЛАГ-от живеат 61. 396 жители.

Густината на населението на територијата на ЛАГ „Абер 2015“ изнесува 51,50 жители на квадратен километар.

Куманово е урбано населено место кое е распространето на територија на 38 км2 и составено од 16 месни заедници во кои, според пописот, живеат 75.986 жители. Поради бројноста и густината на населението Куманово не влегува во територијата на ЛАГ „Абер 2015“. Сепак, Куманово ќе биде ресурсен центар од кој ЛАГ-от ќе добива сеопфатна административна, програмска, финансиска, материјална и кадровска поддршка при дефинирањето и спроведувањето на политиките за рурален развој.

Вкупната територија на подрачјето во кое е вклучена и територијата на градот Куманово изнесува 1230 км2, а вкупниот број на население кое го населува овој географски простор изнесува 137.382 жители.

Позиционираноста на ЛАГ „Абер 2015“ е од стратешка важност од аспект на транспортно – комуникациските вредности. Низ него поминува еден од најважните патни правци - Коридор VIII кој го поврзува јужниот дел на Балканот со Истамбул и Мала Азија Овој патен правец е познат и како коридор Исток-Запад.

.

## *1.1 Клима*

Поради своите ридско-планински карактеристики ЛАГ-от има разновиден тип на клима. Во општина Липково високите воздушни маси придонесуваат за значително снижување на температурата на воздухот како и за големите количества на снежна маса во зимскиот период. Коритото на реката Вардар пак кон север носат медитернски воздушни струи кои придонесуваат за развој на типични медитерански растенија кој се раритет во планински краеви.

Општина Старо Нагоричане, како и Општина Липково, има пониски температури. Средната температура изнесува околу 11 0C каде што Јануари е месец со најниски температури со просечна температура од 0,0 0C, а Јули и Август месеци со највисоки температури кои се движат околу 22 0C. Ваквото температурно движење на климата, го става Старо Нагоричане во општина со медитеранско влијание врз термичкиот режим на воздух. Врнежите пак кој во месец мај се наголеми додека во август се најмали, го даваат карактеристичната континентално влијание дефинирајќи ја климата во општината како умерена со изменето медитерански влијанија во плувиометрискиот режим.

За разлика од општините Липково и Старо Нагоричане кои се претежно ридско планински региони, Општина Куманово има постабилна и карактеристична континентална клима со просечна годишна температура од околу 11-12 0C. Секако, во погорните предели на општината, поточно во планинските предели температуата е за неколку степени пониска.

## 1.2 Хидрографија

Ридско-планинските предели на територијата на ЛАГ-от имаат голем хидробиолшки потенцијал. Најголема река е Пчиња чии извор се наоѓа во Република Србија т.е. на планината Дукат. Воедно Пчиња е и втора по големина притока на реката Вардар, а истата поминува низ Општините Куманово и Старо Нагоричане. Речниот потенцијал меѓу другото се сотои и од реките Кумановска река и Крива река во Општина Куманово, реките Живуша, Бистрица и Петрошница во Старо Нагоричане како и реките Липковска, Лојанска и Ваксинска именувани по селата кој се дел од општина Липково.  Во оваа општина поминуваат и реките Отљанска, Матејечка и Слупчанска. Освен реките во ЛАГ-от постојат и две вештачки езера со солиден капацитет кои ги снабдуват околните села и Куманово со вода за пиење како и техничка вода за наводнување. Ова се езерата Липковското езеро со капацитет од 2.250.000 м3 вода и површина од 0,40 км2 и езерото Глажња со капацитет од 22.000.000 м3 вода и површина од 1 км2. Воедно, незагаденоста на регионот како и чистиот планински воздух и вештачките езера нудат огромен потенцијал и можност за развој на алтернативниот туризам кој во моментов е во зачеток.

Дополнителен ефект за развој на туризмот овозможуваат и изворите на минерална и термална вода. Додека Општина Липково, има занемарлив потенцијал на ова природно добро – мал извор во Карадачкиот регион, Општините Куманово и Старо Нагоричане изобилуваат, и веќе подолго време ги искористуваат, минералните и термалните води. Кумановска бања е една од попознатите комплекси за бањско лекување и туризам и истата се наоѓа во село Проевце. Водата која изобилува со калциум, натриум, хидрокарбонати, магнезиум, јод и други минерали достигнува температура и до 30 ОС. Во овој регион се познати и термалните води на Бања Стрновац, во село Стрновац, Општина Старо Нагоричане. Температурата на овие извори е 39,5ОС. Исто така треба да се спомне и изворот на минерална вода Аква Кокино во село Драгоманце.

## 1.3 Почва

За разлика од состојбата со минералната и термална вода, општина Липково изобилува со минерали и руди кои во другите две општини од оваа рурална средина се наоѓаат во помали количини. Општината се протега на две металогенетски зони, Кратовско-Злетовската и Српско-Македонската, кои се богати со полиметалични руди од типот на бизмут, кадмиум, сребро, злато, ураниум, бакар, ентимон, арсен, хром и други. Од неметалните суровини може да се сретнат туфовите, опалски бречи, секундарни кварцити како и други силицити.

Наоѓалишта со глина која е погодна за туларската индустрија се експлоатираат во Општина Старо Нагоричане и Куманово. Во општина Куманово исто така може да се најде и високо квалитетен травертин и мермер како и минералите базалт, антимонско-арсенските и вулкански туф кои не се доволно експлоатирани. Освен травертинот и мермерот, оваа територија изобилува и со бетонити (базалт, калиск и

трахит) и кварцни песоци кои се користат за индустриски потреби. Бетонитите и кварцните песоци се посебно застапени во Старо Нагоричане.

### *1.4 Планини*

Географски, територијата на ЛАГ-от е претежно од ридско-планински карактер иако има и низини како што е Карадачкиот дел на Скопска Црна Гора во делот на Општина Липково. Како позначајни планини од овој регион треба да се спомнат планините Вуксан, Смилавица, Острец како и Купилаќа кој се наоѓаат во Општината Липково и изобилуваат со пасишта и листопадни шуми. За околината на Општина Старо Нагоричане значајна е планината Козјак т.е. нејзините јужни падини која кај локалното население е позната како Козјачија. Заедно со Општина Куманово ги делат падините на Руен која е ниска планина. Општина Куманово исто така се простира и на планината Козјак каде што се наоѓа и еден од повисоките врвови, со 1326 метри, на оваа територија. Меѓу останатите планини во Општина Куманово е и Скопска Црна Гора чии врв достигнува висина од 1651 метри, планината Руен и ограноци од планината Градичка. Разновидниот тип на земјиште овозможува и развој на карактеристичен биодиверзитет кој е тесно поврзан со социо-економскиот равој на населенито т.е. планините, долините и кањоните во голема мера ги имаат предодредено стопанските дејности во оваа рурална средина.

## 4. ДЕМОГРАФИЈА

### *2.1 Население*

Општина Липково, според пописот во 2002 година брои 27.058 жители кои живеат во 22 населени места, села, на површина од 268,8 км2. Општина Старо Нагоричане, според истиот попис, брои 4840 жители населени во 39 села на површина од 433,41 km². Општина Куманово е единствената општина која има урбан дел т.е. градот Куманово во кои живеат 75.986.. Во самата општина има и 47 села кои заедно со градот зафаќаат територија од 509,48 км2. Вкупниот број на жители во општината е 105.484 и проценка дека во општината во 2013 година има 108.048 жители. Од овде може да се заклучи дека во микрорегионот живеат околу 140.000 жители на географска територија од 1211.69 км2.

Табела 1: Број на население и квадратура на површина по општина

| Општини | Број на жители - 2002 г. | Број на жители - 2012 г.[2] | Површина на км² | Густина на население во 2012 | Населени места (село/град) |
|---|---|---|---|---|---|

[2] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.14.10.pdf

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Старо Нагоричане | 4.840 | 4.129 | 433.41 км² | 9,5 ж/км² | 39 |
| Куманово (Куманово без урбан дел*) | 105.484 (29.498*) | 108.416 | 509.48 км² | 212,8 ж/км² (57,90* ж/км²) | 47/1 |
| Липково | 27.058 | 29.689 | 268 км² | 110,7 ж/км² | 22 |
| **Вкупно** (Куманово без урбан дел*) | **137.382** **(61.396*)** | **142,234** | **1211.69 км$^2$** **(1192.00 км$^{2*}$)** | **117.40 ж/км²** **(51.50 ж/км²*)** | **108/1** |

Табела 2: Население во руралната средина според старосната структура

| Општина | вкупно | 0-4 | | | 5-9 | | | 10-14 | | | 15-19 | | | 20-24 | | | 25-29 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М |
| Куманово | 108.231 | 6.476 | 3.092 | 3.384 | 6.432 | 3.047 | 3.385 | 6.903 | 3.324 | 3.579 | 7.580 | 3.648 | 3.932 | 8.294 | 4.008 | 4.286 | 8.593 | 4.260 | 4.333 |
| Старо Нагоричане | 4.172 | 197 | 96 | 101 | 229 | 103 | 126 | 256 | 115 | 141 | 260 | 133 | 127 | 245 | 120 | 125 | 264 | 139 | 125 |
| Липково | 29.605 | 1.872 | 904 | 968 | 1.987 | 962 | 1.025 | 2.559 | 1.211 | 1.348 | 3.193 | 1.546 | 1.647 | 3.017 | 1.447 | 1.570 | 2.401 | 1.114 | 1.287 |
| Вкупно | 142.008 | 8.545 | | | 8.648 | | | 9.718 | | | 11.033 | | | 11.556 | | | 11.258 | | |

| Општина | 30-34 | | | 35-39 | | | 40-44 | | | 45-49 | | | 50-54 | | | 55-59 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М |
| Куманово | 8.580 | 4.171 | 4.409 | 8.217 | 4.009 | 4.208 | 7.506 | 3.738 | 3.768 | 7.481 | 3.753 | 3.728 | 7.135 | 3.507 | 3.628 | 7.069 | 3.505 | 3.564 |
| Старо Нагоричане | 235 | 98 | 137 | 272 | 108 | 164 | 281 | 93 | 188 | 261 | 89 | 172 | 251 | 89 | 162 | 214 | 89 | 125 |
| Липково | 176 | 78 | 98 | 189 | 75 | 114 | 180 | 79 | 101 | 224 | 101 | 123 | 201 | 70 | 131 | 172 | 90 | 82 |
| Вкупно | 8.991 | | | 8.678 | | | 7.967 | | | 7.966 | | | 7.587 | | | 7.455 | | |

| Општина | 60-64 | | | 65-69 | | | 70-74 | | | 75-79 | | | 80-84 | | | 85+ | | | Непозната возраст | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М | Вк | Ж | М |
| Куманово | 5.989 | 3.046 | 2.943 | 4.220 | 2.183 | 2.037 | 3.420 | 1.841 | 1.579 | 2.584 | 1.423 | 1.161 | 1.302 | 759 | 543 | 439 | 281 | 158 | 11 | 11 | / |
| Старо Нагоричане | 207 | 100 | 107 | 186 | 102 | 84 | 254 | 144 | 110 | 254 | 137 | 117 | 197 | 115 | 82 | 100 | 51 | 49 | 9 | 7 | 2 |
| Липково | 150 | 70 | 80 | 121 | 68 | 53 | 135 | 89 | 46 | 95 | 60 | 35 | 46 | 31 | 15 | 19 | 14 | 5 | / | / | / |
| Вкупно | 6.346 | | | 4.527 | | | 3.809 | | | 2.933 | | | 1.545 | | | 558 | | | | | |

*Извор:„Процени на населението на 30.06.2012 и 31.12.2012 според полот и возраста, по општини и по статистички региони (НТЕС 3 – 2007)“, Државен завод за статистика, јули 2013, страна 26 и 31*

Од горенаведените статистички податоци може да сезаклучат неколку работи.

1. Според категоризацијата на рурални подрачја и населени на РМ и методологијата на ОЕЦД3 територијата на ЛАГ-от, е рурална со исклучок на градот Куманово. Просечниот број на жители на километар квадратен на вкупната територија (со вклучување на градот Куманово) изнесува околу 111.6 жители. Доколку се изземе популацијата и површината на градот Куманово, оваа бројка е уште подрастична. Просечниот број на жители кои живеат на рурална територија изнесува 51.50 жители. Заклучокот кој може да се изведе од овие податоци е дека ЛАГ-от е слабо населен и од рурален карактер по однос на големината на површината на територијата, иако е забележана голема концентрација на жители во неколку населени места (Куманово, Липково). Од овој аспект територијата на микрорегионот со исклучок на територијата на градот Куманово е податлива за воспоставување на ЛАГ територија, согласно LEADER принципите.
2. Според статистиката, ЛАГ-от има голем процент на работоспособно население. Сепак, за добивање на реална слика овие податоци треба да се гледаат во контекст на податоците за миграција кои исто така се високи. Ова значи дека податоците може да бидат и погрешни т.е. работоспособното население да биде во помал процент. Во моментов во Македонија не се води точна евиденција за тоа кој се проврemено иселени, туристи или перманентно иселени луѓе.

## 2.2 Етничка структура на населението

Територијата на ЛАГ-от важи за мултиетнички и мултикултурен регион во кои најдиверсифицирана општина е Куманово. Во руралните општини, Липково и Старо Нагоричане, има осетна доминантност на Албанскиот т.е. Македонскиот етникум додека Општината Куманово, а посебно градот Куманово, покрај овие два етникуми присутни се и Србите, Ромите, Турците и Власите.

Табела 3: Етничка застапеност во регионот

| | Македонци | Роми | Срби | Турци | Власи | Албанци | Бошњаци | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| О.Куманово | 63.746 (60.4%) | 4.256 (4.1%) | 9062 (8.6%) | 292 (0.28%) | 147 (0.10%) | 27.290 (25.8%) | / | 671 (0.048%) |
| О.Старо Нагоричане | 3.906 (80.7%) | / | 926 (19.1%) | / | / | / | / | 8 (0.2%) |
| О.Липково | 169 (0.6%) | / | 370 (1.4%) | / | 1 | 26.360 (97.4%) | 6 (0.4%) | 159 (0.6%) |

[3] Рурална територија се смета територија која има под 150 жители на км2, додека рурално населено место е место кое има под 30.000 жители.

## 2.3 Миграции на населението

Државниот завод за статистика, има релевантни податоци за миграцијата на населението во подрачјето за 2014 година и истите се наведени подолу. Меѓутоа, проблемот кај овие податоци е тоа што не даваат точна слика за типот на иселениците кои се надвор од државата. Ова предизвикува проблеми при правењето на стратегии за развој поради фактот што не може точно да се следи трендот на иселување. Како главен фактор се јавува лошата економска клима во Македонија, а посебно во микрорегионот. Со висока стапка на невработеност и лоши стандарди за живот, миграцијата се зголемува во сите три општини иако е од различен карактер и може да се очекува дека трендот ќе продолжи во иста насока доколку ситуацијата остане иста. Воедно, покрај традиционалните миграциони правци како што се Германија, Швајцарија и Италија, голем дел од населението од овие општини мигрира и кон поголемите урбани центри во државата. Општина која е најмногу погодена од овие миграциони процеси е Општина Липково.

Табела 4: Миграциски текови во ЛАГ-от

| **Општина** | **Доселени** | | | | **Отселени** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно Доселени | Доселени од друга општина | Доселени од друго место во иста општина | Доселени граѓани во Р.М. од други држави | Вкупно отселени | Отселени од друга општина | Отселени од друго место во иста општина | Отселени граѓани од Р.М. во други држави |
| Куманово | 419 | 283 | 111 | 25 | 339 | 225 | 111 | 3 |
| Старо Нагоричане | 20 | 16 | 2 | 2 | 41 | 39 | 2 | - |
| Липково | 106 | 64 | 39 | 3 | 190 | 151 | 39 | - |

*Извор: Публикација „Миграции 2013“, Државен завод за статистика, Скопје, јули 2014, страна 15*

# 5. ЕКОНОМИЈА НА ТЕРИТОРИЈА НА ЛАГ-ОТ

## 3.1 Економски карактеристики на ЛАГ-от

Нерамномерниот економски развој низ територијата на Република Македонија е појава која бележи континуиран тренд. Ваквата нерамномерност најмногу доаѓа до израз ако се споредат планските региони, од кои Скопскиот плански регион се карактеризира како најразвиен, додека Источниот и Северо-источниот се сметаат за едни од најнеразвиените. Ваквата состојба укажува на итноста и потребата од

промена на политиките за регионален и рурален развој. Дополнително, потребно е градење на синергии помеѓу овој закон и Законот за земјоделие и рурален развој

Согласно Законот за потребите на планирањето на регионалниот развој, утврдени се подрачја со посебни развојни потреби, кои треба да бидат ставени во фокусот на планирањето на регионалниот развој. Во нив спаѓаат: пограничните, руралните, ридско-планинските подрачја и подрачја кои заостануваат во развојот. Оваа е посебно важно земајќи го во обзир фактот што најголем дел од населбите од овој микро – регион го исполнуваат ова барање.

Економскиот развој на ЛАГ-от „Абер 2015" како дел од Североисточниот плански регион е условен од локалниот економски развој на секоја општина која спаѓа во ова подрачје, но здружувањето на нивната тероторија во форма на територија на ЛАГ, согласно LEADER принципите треба да ги зголеми потенцијалот за развој, посебно преку можностите од здружување и координација на локалните ресурси, односно од автохтониот потенцијал кој оваа територија би го создала од таквото здружување. Економската моќ и конкурентската предност на секоја општина, отварање на работни места овозможува подобрување на условите за економски раст и развој на целиот ЛАГ и воедно овозможува подобрување на условите за живеење на граѓаните кои што живеат во него. Ваквото здружување на ниво на ЛАГ територија може да го подигне планирањето и заедничкиот настап на едно повисоко ниво и да отвори нова перспектива за создавање на клима за развој на руралната средина, а со тоа и на самите три општини.

Секоја општина е главен носител на економскиот развој , кој не може да се оствари само со вработените, туку треба да се инволвираат човечките потенцијали од бизнис заедницата, од деловните организации, граѓанските здруженија, верските заедници, културата, спортот, здравството, образованието и локалната самоуправа, преку своите знаења, способности и вештини, капиталот, имотот и инфраструктурата за создавање поголеми услови за самоодржлив економски систем. Имајќи го во предвид фактот за состојбата со човечките ресурси и нивната квалификација, ваквото здружување, се чини е неопходно за да се зголеми потенцијалот на конкурентност. Дополнително, преку обезбедување на конкурентска предност, ЛАГ-от ќе обезбеди сопствен профил, а секоја општина ќе осигура дека се разликува од соседните општини и со тоа придонесува во создавањето на услови за развој. Токму таа различност може да придонесе кон развој на целокупната територија.

## *3.2 БДП во руралната средина*

До поментот на подготовка на овој документ, Државниот заводот за статистика на Република Македонија нема објавено официјални податоци за бруто домашниот производ по општини. Со цел да се добие општа слика за големината на БДП-то во рамки на територијата на ЛАГ-от ќе бидат анализирани податоците на БДП по жител на ниво на Североисточен плански регион.

Според податоците од Државниот завод за статистика Североисточниот плански регион во периодот од 2002 до 2006 година има континуиран тренд на мал раст во БДП-то. Истиот тренд го бележи и БДП-то по жител.

Земено во рамки на државата, Североисточниот плански регион опфаќа само 4,5% од националниот БДП во 2006година , додека во 2007 овој процент е опаднат на 4.4%. Ваквата слика ни дава на знаење дека економскиот развој на планскиот регион има надолен тренд.

Табела 5 дава приказ на БДП-то во североситочен регион и по жител во период од пет години.

Табела5: БДП во Североисточен плански регион

| **БДП во Североисточен Плански Регион** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006**[4] | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **во милиони денари** |
| **На ниво на регион** | 11.220 | 11.891 | 11.566 | 12.129 | 14.412 | 16.117 |
| | | | | | | **во денари** |
| **По жител** | 65.105 | 68.765 | 66.679 | 59.789 | 82.837 | 92.566 |

Предглед на бруто додадената вредност по сектори во период од три години на ниво на Североситочниот плански регион е дадена во Табела 6.

[4] http://www.stat.gov.mk/pdf/2010/3.1.10.03.pdf

Табела 6: Бруто додадена вредност по сектори

*во милиони денари*

| | Земјоделство, лов, шумарство | Индустрија, Рударство и Енергија | Градежништво | Трговија Угостителство и сообраќај | финансиски и услуги недвижности | Други услужни дејности | Импутирани банкарски услуги |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2004** | 2.456 | 1,572 | 361 | 2,223 | 1,452 | 2,079 | 196 |
| **2005** | 2,368 | 1,949 | 357 | 2,156 | 1,472 | 2,220 | 238 |
| **2006** | 2,554 | 2,817 | 517 | 2,131 | 1,640 | 2,342 | 303 |

## *3.3 Број на вработени, активно /неактивно население*

Невработеноста во Македонија во последната деценија во континуитет е над 30%. Во регионот е исто така многу висока и на ниво на ЛАГ изнесува 27.5%, според статистичките податоци од 2006 година. Во истата година, Агенцијата за вработување регистрирала дека 52.5% од невработените во Куманово биле неквалификувани, а 17% квалификувани додека само 3,8% имале вишо и високо образование.

Секако, поради транзициските промени во општеството голем дел од нив се дел од сивата економија која исто така во голема мера е застапена во регионот. Еден ваков пример претставува земјоделскиот сектор во кој поголемиот дел од руралното население остварува приходи. Со мерките кои се превземаат за нивна регистрација треба да се очекува намалување на реалната невработеност во регионот. Градежната индустрија предничи по бројот на вработување со околу 12%, но исто така голем е процентот на вработени во одбранта и јавната администрација со по 11%.

Табела 7: Активно и неактивно население

| **Општина** | **Вкупно** | **Економски активни** | | | **Економ. неактивни** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | вработени | невработени | |
| **Куманово** | 81.571 | 39.386 | 21.219 | 18.167 | 42.185 |
| **Старо Нагоричане** | 4.065 | 1.462 | 911 | 551 | 2.603 |
| **Липково** | 18.172 | 5.254 | 1.313 | 3.941 | 42.185 |
| **Вкупно во микрорегионот** | 103.808 | 46.102 | 23.443 | 22.659 | 86.973 |

*Извор: Попис на населението, домаќинствата и становите во Р.Македонија, 2002-книга XIII, Државен завод за статистика, страна 41*

## 3.4 *Структура на претпријатијата на територија ЛАГ-от*

Развиеноста на приватниот сектор во подрачјето може да се анализира преку големината и економската моќ на препртријатијата кои се наоѓаат на оваа територија. Според податоците од Државниот завод за статистика, микро претпријатијата се најзастапени. Тие опфакаат 73,35% од вкупниот број на регистриани претпријатија во ЛАГ-от. Споредбено со нив, големите претпријатија се застапени со 0,17%. Претпријатијата кои се категоризирани како мали се втори најприсутни во микрорегионот, опфакајќи 25,67% од вкупниот број регистрирани економски субјекти. Од ова може да извлечеме заклучок дека територијата на ЛАГ-от располага со слабо развиено стопанство. Табела 8 дава приказ на бројот и големината на економските субјекти во рамки на микро регионот.

Табела 8: Големина на претпријатија

| Општина[5] | Микро претрпријатија | Мали претпријатија | Средни претпријатија | Големи претпријатија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Куманово** | 2,359 | 827 | 27 | 6 | 3,219 |
| **Старо Нагоричане** | 36 | 14 | 0 | 0 | 50 |
| **Липково** | 177 | 59 | 1 | 0 | 237 |
| **Вкупно во микроегионот** | **2.572** | **900** | **28** | **6** | **3.506** |

Бројот на активни деловни субјекти и областа во која тие дејствуваат е даден во табела 9. Претпријатијата кои како главна активност ја имаат трговијата на големо и мало се најзастапени, додека после нив следат тие од преработувачката индустрија.

Табела 9: Активни деловни субјекти

| Општина | Земјоделство, шумарство и рибарство | рударство и вадење на камен | Преработувачка индустрија | Снабдување со електирчна енергија, гас пареа и климатизација | Снабдување со вода и отстранување со отпадни води | Градежништво | Трговија на големо и мало | Транспорт и складирање | Објекит за сместување и сериозни дејности со храна |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Куманово** | 100 | 7 | 482 | 2 | 11 | 14 9 | 1.225 | 243 | 202 |

[5] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDFSG2014/12-DelovniSubj-BusinessEnt.pdf

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Старо Нагоричане** | 19 | 0 | 4 | 0 | 1 | 0 | 12 | 4 | 0 |
| **Липково** | 14 | 1 | 29 | 0 | 0 | 23 | 86 | 29 | 19 |
| **Вкупно во микрорегионот** | **133** | **8** | **515** | **2** | **12** | **17 2** | **1.323** | **276** | **221** |

## *3.5 Просечна плата во североисточен плански регион*

Североисточниот плански регион е еден од регионите каде населението има најмала просечна годишна плата. Во последните три години просечната бруто и нето плата на ниво на регионот континуирано се намалуваат. Висината на просечната ипслатена плата е резултат на големата вработеност на населението во јавниот сектор. Исплатените плати во приватниот сектор во рамки на микро регионот се многу помали. Табела 10 дава табеларен приказ на трендовите на просечна годишна исплатена плата на ниво на Цевероисточниот плански регион.

Табела10: Просечна годишна исплатена плата во Североисточен плански регион

| | **Бруто плата во денари** | **Нето плата во денари** |
|---|---|---|
| **2011** | 24,948 | 17,009 |
| **2012** | 24,187 | 16,521 |
| **2013** | 24,050 | 16,398 |

# 6. ИНФРАСТРУКТУРА

## *4.1 Патна инфраструктура*

Транспортната инфраструктура на територијата на ЛАГ-от е застапена во неколку категории од кој најзначајни се магистралните патишта. Должината на овие патишта во Североисточниот плански регион е 133 км а на регионалните е 392 км. Во споредба со другите плански региони, патната инфраструктура е на задоволително ниво со одредени недостатоци кои се јавуваат поради неконтинуирано вложување во нивно одржување. Позиционираноста на ЛАГ-от е стратешка бидејќи на неговата територија се врстувата двата најзначајни трнспортни коридори во државата – Коридор 8 и Коридор 10. На територијата на ЛАГ-от постои еден поголем граничен премин со Република Србија ни кој минуваат повеќе милиони патници. За жал, иако има голема потреба за отворање на гранични премини со Република Косово и Србија,

истата е сведена на комуникација со локални патишта со привремени дозволи за преминување на границите за потребите на локалното население.

Магистралните патишта кој водат кон Република Бугарија се недоволно одржувани а посебно делницата од М2 во Општина Куманово – Општина Крива Паланка. Неодамна централната влада започна со изградба на експресен пат како дел од Коридор 8 и истиот се очекува да биде завршен до 2016.

Тероторијата на ЛАГ-от има и своја мрежа на локални патишта кои ги поврзуваат населените места. Истите во минатото не биле одржувани доволно и фокусот бил на патиштата кои водат кон Куманово или другите урбани центри во Североисточниот регион. Ова придонело не само патиштата да се руинираат но и да има слаба поврзаност помеѓу селата придонесувајки кон низок степен на локален економски развој. Воедно, природните и антропогени богатстства на регионот, историски се тесно поврзани со развојот на социо-културниот и економски живот во регионот правејки систем на „сврзани садови“ по однос на анторпогените вредности. Ова укажува дека селата и нивниот развој бил тесно поврзан со развојот на меѓусебната комуникациска мрежа која во моментов е во лоша состојба.

Локалните патишта во овој микрорегион се во мошне лоша состојба и се во должина од 909 км. Ова претставува 10% од вкупната локална патна мрежа во државата. Голем број од нив и не се асфалтирани и се одржуваат само со тампон. Поради лошите патишта во зимските периоди голем број од планинските села се одсечени а снабдувањето со храна и други основни продукти често го врши Армијата на Република Македонија со хеликоптер. Исто така проблем претставува и нискиот степен на обележаност на патиштата како и немање простор за нивно користење од страна на пешаците. Ова е сериозен проблем на кој локалните самоуправи треба да обрнат повеќе внимание, а посебно поради безбедноста на децата кои често се без родителска придружба.

Табела 11: Патна мрежа на Североисточен плански регион

| **Км** | **Локални патишта** | **Магистрални патишта** | **Железница** |
|---|---|---|---|
| **Република Македонија (вкупно)** | 9240 | 1123 | 682 |
| **Североисточен плански регион** | 900 | 133 | 67 |

*Извор: Национална транспортна стратегија и Државен завод за статистика*

Коридорот 8 кој поминува низ овој ЛАГ е од големо значење за социо-економскиот развој. Овој инфраструктурен коридор ќе ги поврзува Италија, Албанија, Македонија, Бугарија и Турција со енергетска, комуникациска, патна и железничка инфраструктура. Со ова, ЛАГ-от ќе има директен пристап до европските пазари но може да се очекува дека ќе се зголеми процентот на вработеност и ќе ја раздвижи локалната економија. Со рационално планирање и искористување на локалните ресурси, Коридорот 8 може да се очекува да стане значајна економска артерија за ЛАГ-от со што би се намалил одливот на млади лица со отворање на нови работни места во градежната индустрија, за време на изградбата на коридорот, но и во угостителско-хотелиерската индустрија како резултат на подобрување на пристапните патишта до коридорот т.е. населените рурални места.

Табела 12: Локални патишта, 31.12.2008

| | Вкупно | Асфалт – Коцка | | | Макадам | Земјен | Непросечни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Асфалт | коцка | | | |
| **Р.Македонија** | 9240 | 4211 | 4044 | 167 | 777 | 2942 | 1310 |
| **СИПР** | 880 | 325 | 322 | 3 | 72 | 279 | 104 |
| **Куманово** | 128 | 76 | 76 | - | 18 | 34 | - |
| **Липково** | 121 | 30 | 30 | - | 24 | 47 | 20 |
| **Старо Нагоричане** | 214 | 58 | 58 | - | 26 | 30 | - |

*Извор: Државен завод за статистика, Транспорт и други комуникации*

Железничкиот сообраќај во ЛАГ-от е многу малку застапен т.е. само на периферијата. Градот Куманово се наоѓа на трасата на интернационалната мрежа која ја поврзува Грција со Западна Европа. Покрај ова, правецот Скопје- Куманово-Табановце во минатото бил еден од најфрекфентните железнички линии. Во моментов, железничкиот сообраќај е во многу лоша состојба и се поретко се користи.

По неодамнешните најави, веќе се спроведува обновување на локомотивите и вагоните со што се очекува железничкиот сообраќај да биде конкурентен на автобускиот сообраќај кој во моментов е доминантен на пазарот.

Воедно, железничкиот сообраќаен правец Исток-Запад, со кој Скопје ќе се поврзе со Софија е скоро завршен на страната на Република Бугарија. Во Македонија, остануваат недоизградени 23 км. Големи инвестиции се вложија при крајот на деведесетите години од предходниот век но поради непознати причини инвестицијата запре и дотогаш изградената инфраструктура е потполно уништена. Во моментов се прават напори да се изнајдат средтства за изготвување на документација како би се поврзале село Дељадровце, Општина Илинден и Куманово.

Аеродромската поврзаност на микрорегионот е поврзана со аеродромите во Скопје, Македонија, Софија, Бугарија и Приштина, Косово. Средната одалеченост на микрорегионот од Скопскиот аеродром е околу 50 км кој е воедно и најблискиот и најпристапниот аеродром. Меѓутоа треба да се земе во предвид дека аеродромот во Приштина е исто така близок до микрорегионот. За жал во моментов пристапот е отежнат поради лошата состојба на патиштата а посебно во планинските делови на граничниот премин со Србија. Ова и преминувањето на две гранични линии го отежнуваат пристапот иако просечната одалеченост на аеродромот во Приштина е само 107 км.

## *4.2 Комунална инфраструктура*

Комуналната инфраструктура е во добра состојба само во градот Куманово како единствена урбана единица. Иако веќе застарена во тек е реновирање на водоснбдувањето во градот. Во поголемиот дел од руралните населени места водоснабдувањето е честопати решено на парцијален т.е. индивидуален начин. Градот Куманово е во целост покриен со прочестителни станици на отпадните води. Руралните места го немаат решено овој проблем на централно ниво и во моментов истата се решава индивидуално т.е. преку систем на септички јами.

Отпадните води во Општина Липково причинуваат особен проблем. Исто така има голем број на депонии кој освен што претставуваат лоша слика истите се и долгорочни загадувачи на подземните води. Со цел да се подобри ситуацијата овие општини се влезени во националната стратегија за инвестирање во животната

средина. Исто така планирано е да се направи регионална депонија за третирање на цврст отпад.

## *4.3 Енергетска инфраструктура*

Енергетската инфраструктура е исто така присутна во ЛАГ-от. Во моментов само некои индустриски објекти, во Општина Куманово, се поврзани на гасоводот кој е дел од кракот Деве Баир – Крива Паланка – Кратово – Куманово – Скопје. Со оглед на конфигурацијата на теренот истата може да се разграни и во руралните средини преку когенеративните системи.

Отпадната топлинска енергија во вид на отпадни гасови или на топол воздух, преку систем на изменувач на топлина исто така може да биде искористена. Дополнително треба да се направат и посериозни истражувања со цел да се осознае исплатливоста за искористување на геотермалните води со примена на современа технологија.

# 7. ОБРАЗОВАНИЕ

На територијата на ЛАГ-от има покриеност на сите степени на образование кои се со закон пропишани во Република Македонија.

Сите општини имаат основни училишта кои се задолжителни. Најголем број на основни училишта има во Општина Куманово и во Општина Липково, општини во кои има повисок наталитет. Општина Старо Нагоричане има три централни основни училишта и единаесет подрачни.

Учениците во Старо Нагоричане кои посетуваат средно образование ги користат училиштата во соседните општини додека во Општина Липково има едно средно училиште. На територијата на Општина Куманово има 5 средни училишта.

Високото образование е единствено застапено во Општина Куманово и тоа преку Државен Универзитет на Тетово преку своите дисперзирани студии во областите: Бизнис администрација, Јавната администрација, Информатика, Англиски јазик и литература како и акредитираните приватни високо образовни установи: Евро Колеџ кои нуди студии во областа на Бизнис администрација.

Табела 13: Број на основни и средни училишта и студенти

| **Општина Куманово** | Училишта | Паралелки | Вкупно ученици | Женски | Машки |
|---|---|---|---|---|---|
| Основно (редовно) училиште | 36 | 586 | 11.418 | 5.449 | 5.969 |
| Средно (редовно) училиште | 5 | 240 | 6.417 | 3.132 | 3.285 |
| • Јазична Гимназија | | | 86 | 44 | 42 |
| • Природно-математичка струка | | | 129 | 56 | 73 |
| • Општа гимназија | | | 395 | 221 | 174 |
| • Земјоделско-ветеринарна струка | | | 30 | - | 30 |
| • Текстилно-кожарска струка | | | 105 | 70 | 35 |
| • Машинска струка | | | 199 | 8 | 191 |
| • Електротехничка струка | | | 245 | 79 | 166 |
| • Хемиско-технолошка струка | | | 61 | 27 | 34 |
| • Лични услуги | | | 33 | 33 | - |
| • Здравствена струка | | | 221 | 168 | 53 |
| **Општина Старо Нагоричане** | Училишта | Паралелки | Вкупно ученици | Женски | Машки |
| Основно (редовно) училиште | 13 | 36 | 359 | 170 | 186 |
| **Општина Липково** | Училишта | Паралелки | Вкупно ученици | Женски | Машки |
| Основно (редовно) училиште | 17 | 209 | 3.691 | 1.777 | 1,914 |
| Средно(редовно) училиште | 2 | 20 | 537 | 297 | 240 |
| • Природно-математичка струка | | | 30 | 20 | 10 |
| • Општа гимназија | | | 94 | 66 | 28 |
| • Земјоделско-ветеринарна струка | | | 20 | - | 20 |

*Извор: Публикација - Основни и средни училишта на крајот на учебната 2012/2013 година, Државен завод за статистика, страна 59*

Ваквата поставеност на мрежа на основни и средни училишта во ЛАГ-от овозможува градење на добра социјална образовна подлога која придонесува за самоодржлив развој. Ова се гледа и од податоците за писменост на населението. Потребно е да се нагласи дека се прават напори, на локално и централно ниво, да сите етникуми имаат пристап до примарно и секундарно образование со посебен акцент на одредени етнички групи со повисок степен на ризик.

Табела 14: Структура на писменост на население според пол на возраст од 10 и повеќе години.

| **Општина** | **Се** | | **Мажи** | | **Жени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **писмени** | **неписмени** | **писмени** | **Неписмени** | **писмени** | **неписмени** |
| **Куманово** | 86.677 | 4.177 | 44.605 | 959 | 42.072 | 3.218 |
| **Старо Нагоричане** | 3.780 | 549 | 2.188 | 120 | 1.592 | 429 |
| **Липково** | 20.359 | 825 | 10.501 | 173 | 9.858 | 652 |
| **Вкупно во микро регионот** | **110.816** | **5.551** | **57.294** | **1.252** | **53.522** | **4.299** |
| **Вкупен % во микрорегионот** | **93,44%** | **6.56%** | | | | |

*Извор: Попис на населението, домаќинствата и становите во Р.Македонија, 2002-книга XIII, Државен завод за статистика, страна 37*

# 8. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Табела 15: Површина на земјоделско земјиште[6] во хектари

| **Општина** | **Вкупна површина расположливо земјиште** | **Вкупно користена површина** | **Ораници, бавчи и куќни градини** | **Ливади** | **Пасишта** | **Овоштарници** | **Лозја** | **Расадници** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

[6] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PopisNaZemjodelstvo2007/knigaII.pdf

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Куманово** | 18.384,01 | 16.098,25 | 1.769,43 | 654,35 | 87,36 | 45,51 | 6,33 | 0,43 |
| **Старо Нагоричане** | 9.712,25 | 8.005,75 | 6.109,81 | 731,28 | 835,79 | 56,18 | 267,49 | 5,20 |
| **Липково** | 8.064,31 | 7.093,49 | 6.339,28 | 536,43 | 96,60 | 14,28 | 103,70 | 3,20 |
| **Вкупно во микро регионот** | 36.160,57 | 31.944,49 | 14.218,52 | 1.922,06 | 1.019,75 | 115,97 | 377,52 | 8,83 |

[1]*http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PopisNaZemjodelstvo2007/knigaII.pdf*

Во голема мера населението во ова подрачје се занимава со земјоделство со оглед на тоа дека има само едена урбана заедница. Исто така, треба да се напомене, дека и голем број од населението, покрај постојано вработување во приватни или јавни институции, имаат и дополнителна дејност во земјоделието. Овие податоци се од понов карактер и во иднина треба да се очекува да има пореални проценки на вработувањето и БДП на микрорегионот.

Генерален проблем е што распределената обработлива површина припаѓа на индивидуални земјоделци. Овие микро – фарми овозможуваат задоволување на основните потреби на населението но предизвикуваат проблем по однос на конкурентност со останатите региони што на долг рок е неодржливо. Расцепканоста на обработливите парцели во регионот не дозволуваат зголемување на економијата на обем во земјоделието а воедно се намалува и ефикасноста и продуктивноста на самите земјоделци. Од овие причини, во заклучоците и препораките ќе се предложат измени на овие процеси.

Табела 16: Број на индивидуални земјоделски стопанства според користено земјиште

| Општина | Инустриски растенија | Жита | Фуражни растенија | Зеленчук | Цвеќе и украсни растенија | Овошни насади | Лозови насади |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Куманово** | 432 | 7.070 | 1.223 | 3.316 | 518 | 1.073 | 2.593 |
| **Старо Нагоричане** | 38 | 2.369 | 277 | 1.161 | 156 | 512 | 1.335 |
| **Липково** | 129 | 3.955 | 1.836 | 2.262 | 186 | 203 | 470 |
| **Вкупно во микро регионот** | **599** | **13.394** | **3.336** | **6.739** | **860** | **1.788** | **4.398** |

[1] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PopisNaZemjodelstvo2007/knigaII.pdf

Табела 17: Број на стебла и видот на засадено растение

| Општина | Јаболка | Круши | Сливи | Цреши | Вишни | Кајсии | Праски | Ореви | Бадеми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Куманово** | 20.867 | 12.257 | 12.508 | 1.498 | 4.771 | 5.187 | 7.650 | 4.715 | 860 |
| **Старо Нагоричане** | 13.118 | 8.631 | 12.420 | 667 | 1.474 | 3.209 | 1.291 | 4.086 | 506 |
| **Липково** | 6.432 | 2.795 | 2.399 | 1.940 | 743 | 536 | 888 | 798 | 16 |
| **Вкупно** | **40.417** | **23.683** | **27.327** | **4.105** | **6.988** | **8.932** | **9.829** | **9.599** | **1.382** |

[1] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PopisNaZemjodelstvo2007/knigaII.pdf

Покрај обработливите површини, сточарството исто така е развиено во микрорегионот, а посебно говедарството, овците и живината имаат повисок придонес во ГДП-то на регионот. И во овој сегмент на земјоделството, евидентна е поделеноста на микро-бизнисите т.е. не се забележува тренд на окрупнување. Ова придонесува не само кон намалување на приходите туку и зголемување на ризикот од болести кај животните и луѓето као резултат на малото вложување во нови технологии и практики.

Табела 18: Број и вид на животни кои се одгледуваат

| Општини | Коњи | Говеда | Овци | Кози | Свињи | Живина | Зајци | Пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Куманово** | 252 | 7.324 | 4.107 | 3.078 | 19.921 | 86.515 | 1.443 | 3.859 |
| **Старо Нагоричане** | 187 | 4.410 | 24.676 | 2.121 | 9.242 | 39.825 | 302 | 3.054 |
| **Липково** | 653 | 9.219 | 9.653 | 994 | 35 | 46.391 | 138 | 780 |
| **Вкупно** | **1.092** | **20.953** | **38.436** | **6.193** | **29.198** | **172.731** | **1.883** | **7.693** |

[1] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PopisNaZemjodelstvo2007/knigaII.pdf

Во табелата 19 се гледа дека Куманово како најголема општина има и најголем број на претпријатија кој пртежно се микро-претпријатија.

Табела 19: Број на стопанства (индивидуални фарми, микро претпијатија и др.) и видот на животни кои ги одлгедуваат

| Општина | Говеда | Коњи | Овци | Кози | Свињи | Живина | Зајци | Пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Куманово** | 1.724 | 220 | 229 | 667 | 3.459 | 3.714 | 147 | 203 |
| **Старо Нагоричане** | 733 | 172 | 325 | 355 | 1.373 | 1.442 | 45 | 168 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Липково** | 2.528 | 585 | 112 | 150 | 5 | 1.572 | 44 | 54 |
| **Вкупно** | **4.985** | **977** | **666** | **1.172** | **4.837** | **6.728** | **236** | **425** |

[1] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PopisNaZemjodelstvo2007/knigaII.pdf

# 9. ПРИРОДНИ И АНТОРПОГЕНИ РЕСУРСИ И ТУРИЗАМ

## *7.1 Потенцијали за равој на туризмот во рамки на општините во ЛАГ-от*

Иако има огромни можности за развој на туризмот како стопанска гранка, Североисточниот регион не може да се пофали со доволна искористеност и видливост на своите туристички ресурси и потенцијали. Фактот дека територијата на ЛАГ-от е опколена со копно како и стратешкото деценискoто вложување во капацитети за масовен туризам покрај водните ресурси на Македонија придонеле туризмот како стопанска гранка да остане комплетно занемарен.

Со промената на глобалните трендови во туризмот и замирањето на масовниот туризам ова подрачје добива нова можност за зголемување на туристичката понуда како би се привлекле поголем број на туристи, а со тоа би се зголемиле и приходите на локалното население. Зголемувањето на интересот на туристите, на глобално ниво, за алтернативен туризам укажува на реалните можности на микрорегионот да го постави туризмот како носечка стопанска гранка за локалниот економски развој.

Позиционираноста на ЛАГ-от, во близина на Србија и Косово како и до Скопје, нуди можности за развој на транзите и семинарски туризам. Мигарцијата на локалното население придонело до намалување на бројот на новозапишани деца во основните училишта а со тоа и затворање на основните училишта. Меѓународни примери покажуваат дека пренамената на овие згради во капацитети за сместување на посетители на конференции, семинари и работилници не побаруваат големи инфраструктурни зафати и капитални инвестиции. Истите, се во голем подем и има голема побарувачка за вакви капацитети кои се наоѓаат на полуизолирани места а се инфраструктурно и релативно блиску до поголеми урбани средини.

Природните и културни ресусрси на ЛАГ-от му овозможуваат градење на алтернативни типови на туризам како што се: религиозен туризам, спа туризам, авантуристички туризам, планински туризам – ловење и рибарење.

Планинските масиви на кој се протега ЛАГ-от овозможуваат различни видови на рекреација и туризам како што се планинарење, пикник туризмот, викенд туризмот и тн. За ова сведочи се поголемиот број на изградени викендици на падините на Козјак.

Треба да се напомене дека централната власт во голем мера помага по однос на правната регулатива и експедитивноста при инвестициите во овој сектор, а посебно планината Козјак и околните предели. Вештачките езера како и протегањето на реката Пчиња и останатите реки преку поголемиот дел од микрорегионот даваат сериозни услови за развој на спортскиот риболов.

Исто така не треба да се изостават и можностите кои ги нуди агрикултурата а посебно фармерите кои во овој регион ги имаат традиционалните методи на работа, а се ретки во светот. Карпестите предели на планината Козјак претставуваат ретка природна убавина која исто така може да биде во функција на планинскиот туризам за микрорегионот. Потенцијалот за развој на овие видови на туризам се гледа од долунаведените културни и историски споменици кои се на територијата на микрорегионот.

## *АНТРОПОГЕНИ РЕСУРСИ*

Територијата на ЛАГ-от е еден од ретките региони во Република Македонија кој се одликува со најразновидно културно наследство класифицирано по временски периоди кое воедно е и високо ценето т.е. од национална историска важност. Со вакви културолошки ресурси/капацитет овој микрорегион се наоѓа на врвот на региони во Македонија со исклучително високи можности за развој на туризам.  Од посебно значење за овој микроплански регион е големиот број на културно наследство во Општина Старо Нагоричане кој предничи пред Куманово и Липково.

Дел од големиот број на христијански верски објекти во Општина Старо Нагоричане. Имено, поради големиот бројна цркви во овој регион народот го нарекол Мала Света Гора.

Во продолжение се претставени најзначајните културни и природни ресурси кои овој микрорегион ги поседува.

- Манастир Успението на Света Богородица

Во село Матејче, Општина Липково, се наоѓа манастирот посветен на Успението на Света Богородица, 13 век, која Цар Душан ја има изградено на темелите од постара црква Цвета Богородица Црногорска. Конаците, изградени од камен датираат од 14 век.

- Црква Свети Ѓорѓи, потекнува од XI век, возобновена во XIV век (1313 година);

Оваа црква е можеби најзначајна за овој микрорегион поради богатата галерија на фреско-живопис. Од посебно значење е куполата на која е насликан Христос Седржител (Пантокатор) заедно со Небеска литургија. Оваа слика ја поставува основата за црковното сликарство во византиската уметност во подоцнежниот период. Сликарството на Михајло и Евтихиј, кои биле високо образовани уметници, го достигнуваат својот врв токму во оваа црква, правејќи го ремек делото на византискиот класицизам од XIV век од палеологовската епоха и воопшто во историјата на средовековната уметност во Македонија, на Балканот и пошироко.

- Манастирската црква Света Богородица позната и како Забел (1852 година)

Црквата претставува типичен пример на преродбеничкиот период од 19 век во која покрај иконите изработени од Дичо Зограф и Зафир Василевиќ од Дебар, 1857 година сместен е и висок иконостас со голем крст на врвот. Манастирот го добива народното име Забел по шумата во која се наоѓа – тромеѓето помеѓу селата Старо Нагоричане, Челопек и Никуљане.

- Црка Света Петка во Младо Нагоричане (1682 година)

Црквата е типичен претставник на поствизантискиот период но карактеристично за неа е што нема апсида на источната страна. Во 2003 година се конзервирани живописот и архитектурата.

- Црква Свети Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричане (XI, XV век);

Интересно за оваа црква е изработката на западната страна која е украсена со бифора и по една монофора кој се спучтени на пониско ниво. Истата е сместена во декоративе лак од црно бели квадрати и слепи арки на конзоли, притоа отсликувајки сводна структура во внатрешноста. Тоа е направено со наизменични движења на светли и темни блокови, декоративен елемент карактеристичен за исламското градителство. Црквата се наоѓа во близина на Св. Петка.

- Црква Свети Никола во Стрезовце XVII век (1606 година)

Како и манастирската црква Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане и Успение Богородично во село Матејче, оваа црква претставува едно од најпознатите гтобишни цркви и потекнува од времето на османското владеење, а воедно изобилува и со значајни архитектонски и сликарски вредности. Овие сликарски работници потекнуваат од поширокиот костурски регион и Охридската архиепископија и Пеќската патријаршија.

- Црква Воведение на Света Богородица во манастир Карпино во с.Орах, XVI век (1592 година)

Црквата Воведение на Св. Богородица, во село Орах, е еден од најстарите верски објекти на територијата на микрорегионот. Црквата датира од 1592. Истата година е живописана но во 1893 година е покриен со нов живопис, а фрагмент кој укажува на првиот живопис е оној на Св. Богородица оранта во цел раст. Овој манастир претставувал важен културен и книжевен центар во чија библиотека биле сместени важни текстови кои подоцна биле однесени во Белград, Софија па и Москва.

- Свети Ѓорѓи и Свети Никола, двојна црква - почеток на XVII век

Црквата на Свети Ѓорѓи и Свети Никола е позната кај народот како двојна црква и се наоѓа во село Орах. Покрај тоа што е двојна црква, истата е двокорабна градба на правоаголана основа. Ова е единствената црква од овој тип на Балканот. Истите биле градени во доцната антика како што е црквата Утчајак, во Мала Азија од VI век.

- Црква Свети Ѓорѓи во Жегљане, крај на XVI и почеток на XVII век и др.

Христијаските споменици на култура се најбројни но, потребно е да се споменат и објектите од муслиманската религија од кој некои од нив се и заштитени со закон. Како највредни се одвојуваат **Мула Мурат џамија** во село Отља, **Халит ефенди џамија** во село Слупчане но и **џамиите во селата Ваксинце, Оризаре и Никуштак**

Покрај религиозните споменици во Старо Нагоричане се наога и **Меморијалниот музеј за Првото заседание на АСНОМ**, 2 август, 1944 година со кој за првпат се основа македонската држава. Иако изградена во 2004 година, споменикот има монументален мозаик на фасадата која е дело на познатите уметници Рубенс Корубин и Илија Пенушлиски.Истиот е изграден со цел да се слави денот на прогласувањето на Македонскаата држава. Истата прослава се одржуваше во манастирот Прохор Пчињски, Република Србија, но поради чести несогласувања помеѓу верските заедници, истата се прекина.

**Спомен констурницата Зебрњак**, село Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане, е значаен поради фактот штое единствен од овој тип не само на територијата на Македонија туку и на Балканот. Иако нема историска важност – изграден е во 1937 година, истиот е посветен на Кумановската битка, предводена од Александар Караѓорѓевиќ против турската армија во 1912 година со што е остварен позначаен чекор кон завршување на Првата Балканска Војна. Кружната костурница е изградена од сив базалтен камен висока 18.5 метри. До неа имало и 30 метарска тристрана пирамидална кула која била разурната во 1942 година за време на Бугарската окупација. Денеска спомен костурницата е посебно ценета од Србите кои живеат во Македонија.

- Астрономска Обсерваторија Кокино

Обсерваторијата Кокино, лоцирана во Општина Старо Нагоричане, по својот карактер е светско цивилизациско културно наследство кое воедно е и најстаро антропогено богатство во Македонија. Мегалитната обсерваторија е класифицирнана, во Македонија, од особено значење во поткатегоријата - исклучително значење и во тек е подготовка на документација со цел да се регистрира како заштитена културна споменична целина од страна на УНЕСКО. Истовремено, обсерваторијата е во процес на прогласување како „културен предел“ според одредниците на Европската конвенција за предел (Фиренца, 2000) која е ратификувана од страна на Македонија.

## *ПРИРОДНИ РЕСУРСИ*

Како потенцијал за развој на туризмот, покрај антропогените вредности, за микрорегионот е вредно и природното наследство кое понекогаш е неодвоиво поврзано со антропогеното. Еден таков пример е Костоперска карпа во село Младо Нагоричане.

**Костоперска карпа**, познат меѓу локалното население како Зеглиговски камен. Во внатрешноста на карпата има подземна пештера која на влезот, и околу карпата, е обколена со 40 цркви од пост-византискиот период. Во моментов останати се само четири цркви. Исто така значајно е и присуството на човекот од неолитскиот период како и Римско време а за ова денска сведочат римските гробови како и остатоци од рано христијанската базликика.

Некарактеристично за Македонија и пошироко е и **локалитетот Мрамор**, во Старо Нагоричане кој поседува паралелопипедни облици на лачење на трахиандизитска лава и во облик на голем рог, со површина од околу 200 м2 а припаѓа

на северната периферија на вулканскиот масив на потегот Арбанашко – Алинце. Токму поради овој природен феномен од минатото тука се јавува масивен хабитус кој представува редок феномен кој е потребно да се заштити од можно уништување при изградбата на локалните патишта.

**Природните убавини** на микрорегионот се отсликуваат и во пејсажите кои ги создале природните услови со текот на времето.

Еден од најживописните предели е и **Бислимкската Клисура** како дел од реката Пчиња и која се наоѓа на 5 км јужно од градот Куманово. Вкупната должина е 6.5 километри и во добар дел по својата должина наликува на кањон поради стрмните страни издлабени во варовничките карпи. Исто така во овој дел можат да се сретнат и голем број на пештери.

Кога станува збор за природни богатства во ова подрачје, неминовно мора да се спомнат и **Базалтните плочи во Нагоричане**. Оваа вулканска структура се појавила пред околу 10 милиони години. Денеска 8 возвишенија се останати давајќи изглед на купи зарамнети на врвот. Во хоризонталниот дел, поради специфичната конфигурација на теренот, се создаваат мали базенчиња, исполенти со вода. Пејсажот кој се ствара поради овој природен феномен, посебно во врнежливите периоди во годината, е еден од ретките во Европа и потребно е инфраструктурно уредување на пределот околу овој природен феномен со цел да се зголеми потенцијалот на туристичката понуда на микрорегионот.

Инфраструктурата на услужните и угостителски дејности во микрорегионот не се на завидно ниво. Градот Куманово како единствена урбанизирана локација има голем број на сместувачки и угостителски капацитети. Но, за разлика од урбаниот дел, каде се развиени условите за масовен туризам, руралниот дел има слаба инфраструктура.

Како можности за развој на капацитетите треба да се спомнат зачетоците на инвеститорите кои се претежно локални жители. Конаците во манастирскиот комплекс во село Матејче се преадаптирани во детско одморалиште. Покрај црковната архитектура и природните пејсажи, потребно е во овој предел да се отворат и други содржини за деца како понудата би станала поатрактивна.

Липковското езеро исто така нуди можност за развој на туризмот. Покрај езерото веќе функционираат неколку ресторани од кој се издвојува ресотранот Панорама кој има капацитет од 200 луѓе (внатре) или 500 луѓе на надворешната тераса.

Етносело е угостителски комплекс кој е изграден во традиционален стил. Во склоп на ова „етно село“ има ресторан со оклу 650 места како и 12 двокреветни соби и 3 апартмани. Исто така за збогатување на понудата има и винарија и детски забавен парк и изградени велосипедски патеки. Комплексот е единствен во руралниот регион кој нуди комбинирана понуда од рурален и конференциски туризам.

Солиден угостителски ресторан претставуа и „Корнер етно ресторан Кокино“ кои исто така се наоѓа во село Старо Нагоричане.

Бањата Стрновац во моментов е сведена на место за пикник и е единствено посетено од локалните жители, а не ретно и од другите делови на државава. Изградба на сместувачки комплекс, ресторани и партерно уредување на изворите би овозможило оваа бања да биде најдобрата туристичка понуда во микрорегионот.

Кумановската бања е далеку од статусот на Македонски бисер во бањскиот туризам кој заслужено го имаше во осумдесетите. Сега заедно со хотел/ресторанот Кубан, кој е во непосредна близина, се комплетно руинирани.

Куманово како општина со урбанизирана единица има солидна понуда на угостителски и сместувачки капацитети. Податоците за нив се дадени во табелите подолу

Табела 20: Број на угостителски капацитети во рамки на микро регионот

| **Општина** | **Угостителски објекти** | | **Број на седишта** | | **Површина на објектите** | | **Број на вработени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **број** | **%** | **број** | **%** | **м²** | **%** | **вкупно** | **%** |
| **Куманово** | **206** | **4.35** | **8.015** | **4.16** | **14.742** | **4.34** | **673** | **4.15** |
| **Старо Нагоричане** | **2** | **0.04** | **115** | **0.06** | **256** | **0.08** | **7** | **0.04** |
| **Липково** | **35** | **0.74** | **823** | **0.43** | **2.901** | **0.86** | **104** | **0.64** |

*Извор: "Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија, 2008", Државен завод за статистика на РМ, септември 2009, страна 30*

Бројот на угостителските објекти во ЛАГ-отварира во зависност од сезоната. Голем број од локалите, во планинските предели, не се функционални за време на зимскиот период поради непристапноста на терените. Според миграциските податоци, голем број на повратници за време на летните периоди придонесуваат за зголемување на угостителската понуда а со тоа и економскиот развој на микрорегионот.

Табела 21: Број на сместувачки капацитети во ЛАГ-от

| **Општина** | **Угостителски објекти** | | **Број на соби** | | **Број на легла** | | **Површина на објектите** | | **Број на вработени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **број** | **%** | **број** | **%** | **вкупно** | **%** | **м²** | **%** | **вкупно** | **%** |
| **Куманово** | **10** | **2.06** | **158** | **0.97** | **382** | **0.85** | **3.753** | **0.37** | **78** | **1.43** |

*Извор: "Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија, 2008", Државен завод за статистика на РМ, септември 2009, страна 30*

Статистички податоци за ЛАГ-от има само за Општина Куманово иако развој за сместувачките капацитети има и во руалните делови, а посебно во Старо Нагоричане,

каде што постојат голем број на верски објекти со атрактивна архитектура како и покрај Липковските езера, Липково и Глажња.

# 10. СИТУАЦИСКА АНАЛИЗА

## *8.1 SWOT Анализа*

| | (S) – Силни Страни | (W) – Слаби Страни |
|---|---|---|
| **Внатрешни** | 1 Инфраструктура ( Коридор 8-10)<br>2 Природни извори –геотермални води<br>3 Историја и традиција<br>4 Човечки ресурси<br>5 Аграрна индустрија, чевларство и текстистилна индустрија<br>6 Тренинг центар во Старо Нагоричане<br>7 Пограничен регион ( Србија, Косово и Бугарија)<br>8 Чиста животна средина<br>9 .Добра геостратешка положба на регионот (коридор 8-10, погранична)<br>10 Регион со природни, културни, историски специфики( Кокино, Бислим, Матејче, Липковско Езеро,Цркви,Манастири, Џамии, археолошки ископини, локалитет визианос....)<br>11 Потенцијал за развој на земјоделство<br>12 Претходни искуства со симулација на ЛЕАДЕР и развиени капацитети за проектен циклус-човечки ресурси<br>13 Богатство на геотермални води<br>14 Добра институционална инфраструктура<br>15 Донесени значајни стратешки документи на | 1 Неорганизиран пласман и немање извозни капацитети<br>2 Неповрзани населени места<br>3 Отсуство на претприемачки дух<br>4 Напуштени и руинирани индустриски објекти<br>5 Затворени големи преработувачки капацитети<br>6 Слабо развиена регионална инфраструктура (патна, водоводна, канализациска мрежа, амбуланти, пошти, училишта, градинки итн )<br>7 Неискористено обработливо земјоделско земјиште<br>8 Пасивна млада популација<br>9 Недоволна искористеност на хидроенергетскиот потенцијал на реките во регионот<br>10 Миграција село-град и надвор од дражавата<br>11 Голем процент на невработеност<br>12 Слабо развиена свест на населението за потенцијалите на рурален развој<br>13 Нерешени имотно правни односи |

| | | |
|---|---|---|
| | локално и регионално ниво ( стратегии за отпад и др.) | |
| | **(О) – Можности** | **(Т) – Закани** |

| | | |
|---|---|---|
| **Надворешни** | 1 Странски инвестиции<br>2 Рурален туризам, бањски туризам и алтернативен туризам<br>3 Развој на образовни институции<br>4 Органско производство и негово брендирање<br>5 Искористување на обновливи извори на енергија ( ветер, вода , сонце)<br>6 Секундарни извори на енергија<br>7 Финансиска можност за инвестиции на младите кои работеле во странство<br>8 Обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност (ветер, сонце,биомаса)<br>9 Гасификација-Коридор 8<br>10 Рестартирање на стари производствени капацитети<br>11 Подобност за учество во програмите на ЕУ + Националните програми (ИПА, Програма за РР, Билатерален)<br>12 Слободна работна сила<br>13 Развиен НВО сектор<br>14 ЈПП и концесии за природни богатства и други инвестиции( бањи, зони, итн.)<br>15 Биодиверзитет (релјеф, флара, фауна, хидрографија, ...)<br>16 Културно историско наследство ( Кокино, Св.Ѓорѓи, Костоперска карпа, Манастири | 1 Нестабилна политичка структура<br>2 Лоши одниоси помеѓу политичките партии<br>3 Нестабилни меѓуетнички односи (оневозможуваат развој)<br>4 Различно толкување на ЛЕАДЕР од страна на локално, централно и регионално ниво)<br>5 Корупција<br>6 Непознавање на законските можности<br>7 Нерамномерна распределба на кадар<br>8 Депонии и нерешено прашање<br>9 Неписменост<br>10 Климатски промени<br>11 Недостаток на сигурни мерки и активности на МЗШВ за ЛЕАДЕР.<br>12 Недостаток на континуирани средства за финансирање на ЛАГ-от<br>13 Миграција-посебно на помалите генерации (стручни кадри) |

| | Силни страни | Слаби страни |
|---|---|---|
| Можности | S/O<br><br>Промоција на регионот, странски инвестиции и задржување на транзитот во нашиот регион<br><br>Искористување на геотермалните води и развој на бањскиот и алтернативниот туризам<br><br>Зајакнување на капацитетите на младите преку обука и прекфалификација,<br><br>Обезбедување локални субвенции за отпочнување на мали бизниси, бесплатни консултантски услуги, воведување на нови техники<br><br>Искористување на фондови од прекугранична ИПА2<br><br>Активирање на слободната работна сила со мерки за отварање на нови бизниси | O/W<br><br>Активирање на капацитети за развој на органско производство и негово брендирање<br><br>Искористување на обновливи извори на енергија со инд. Објекти<br><br>Едукација на населението за можностите кои ги нудат мерките за рурален развој (сместувачки капацитети, мали бизниси и др.)<br><br>Решавање на инфраструктурни проблеми преку проекти финансирани од ИПА и национални проекти<br><br>Решавање на имотно правни односи со цел за развој на алтернативен туризам |

| | | |
|---|---|---|
| | за искористување на сите потенцијали<br><br>НВО во улога на развој на проекти за земјоделство и др.капацитети ( човечки ресурси, механизација и производство) | |
| Закани | S/T<br><br>Преквалификација, доквалификација и зголемување на свеста за можностите во регионот за намалување на миграцијата<br><br>Искористување на ЛЕАДЕР и работа во ЛАГ за намалување на економската криза во регионот<br><br>Промоција на добрата Г.С.П. пред потенцијалните инвеститори<br><br>Промоција на позитивни примери од искористување на потенцијалите од регионот | T/W<br><br>Подобра информираност на бизнис секторот за законските можности и програмите од ИПАРД<br><br>Креирање на локални политики за подобрување на квалитетот на земјоделски и индустриски производи.<br><br>Подигнување на свеста на населението за потенцијали на рурален развој со цел спречување ( намалување на миграцијата)<br><br>Зајакнување на соработката помеѓу локалната и централната власт<br><br>Промоција на позитивни примери од делот на искористувањесредства од фондовите |

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Согласно методологиите и категоризациите на рурални подрачја и населени места, територијата на ЛАГ-от, е рурална со исклучок на градот Куманово. Оваа територија ги има карактеристиките и елементите за воспоставување на ЛАГ територија, согласно LEADER принципите.

- Просторот на општините Липково, Старо Нагоричане и Куманово претставуваат територија која има значителни кохезивни елементи од аспект на географија, релјеф, клима и почва како и од аспект нз создадени вредности: социо-културни обележја и традиција, економија и комуникациска поврзаност. Оваа поврзаност дава можности истата да се третира како засебна рурална средина врз кој може да бидат применети методологии за развој засновани на област како и самата LEADER  методологија.

- Територијата на ЛАГ-от по однос на карактеристиките на демографијата и нејзината динамика покажува голема поларизација т.е. различни карактеристики на општините. Карактеристично за територијата е тоа што има високо изразита миграција, посматрано во рамките на целиот Североисточен плански регион, што е посебно видливо во последнава деценија. Социо-економските фактори, невработеноста на локалното население, се најголемата причина за ваквата состојба. Најголема миграција има во Општина Липково која во исто време има и најмлада популација на население. За разлика од Липково, највисок старосен демографски праг има Општина Старо Нагоричане што го прави овој микрорегион поларизиран по однос на демографските индикатори. Генерално гледано, ЛАГ-оте влезен во процес на демографско стареење доколку се земат во предвид индикаторите на миграција која се повеќе наликува на трајна – трајно иселени лица, и покрај тоа што Липково и Куманово се најгусто населените општини не само на територија на ЛАГ-от туку и во СИПР.

- Невработеноста е голема. Треба се земе во предвид дека во подрачјето освен Општина Старо Нагоричане, другите општини имаат висок степен на привремени работници во странство. Економската миграција која се забележува во Општина Куманово е од понов карактер и е претежно сконцентрирана во земјите од Арапскиот свет и е поврзано со конфликтните состојби. Миграцијата во Општина Липково е од традиционален карактер и е во западно Европските земји т.е. се одвива веќе подолго време и претставува извор на приход за голем процент од населението во општината.

- Вработеноста на населението во регионот претежно зависи од сервисните индустрии како и државните институции. Ова се должи на лошата приватизација која придонесе до затворање на индустриските капацитети кои претежно беа сконцентрирани во Општина Куманово.

- Се препорачува општините да овозможат подобри услови за инвестирање од страна на привремените работници во микро и мали претпријатија. Посебно поволен сектор со компаративни предности е руралниот развој. Водните

ресурси не се воопшто искористени во комерцијални цели освен неколкуте ресторани покрај Липковското езеро. Геотермалните и минералните води нудат можност за добра заработувачка но и поголем број на вработување. Истите, исто така, во меменотв не се употребуваат во комерцијални цели.

- Исто така, во регионот има природни ресурси кои се употребуваат во градежната индустрија. Во моментов има поволни услови за концесии и инвестирање во рудници. Покрај минералите, овој микрорегион треба повеќе да вложува во ископи на песок и глина кои ги има во изобилство и нуди можност за вработување на поголем број на луѓе.

- Воедно, треба да се спомене дека на населението му е потребно зголемување на капацитетите во земјоделството со што би станале поконкурентни на домашниот и странскиот пазар. Воедно, освен know-how, потребно е да се окрупни сопственоста на обработливите парцели и микро-фамилиарни-фарми со цел да го издржат економскиот притисок од поголемите т.е. инустриски капацитети.

- Образованието во ЛАГ-от е на многу ниско ниво иако се забележува подобрување на образовната инфраструктура. При согледување на моменталната состојба, може да се заклучи дека инфраструктурата во основното и средно образование се на задоволително ниво и нудат солидни услови за едукација. Инвестирањето во модернизација на образовните системи како што се компјутеризацијата и новите учебни програми ветуваат одржување на едукативниот капацитет на локалното население.

- Со отворањето на дисперзираните студии во високото образование се овозможува продолжување на студискиот циклус на луѓето од регионот. Студиите по бизнис администрација и англиски јазик ќе овозможат зацврстување на капацитетите како на локалната администрација така и на локалниот приватен бизнис.

- Се препорачува да се потикне отворање на студиски правци во високото и средните училишта кои би придонеле кон зголемување на економските компаративни предности во ЛАГ-от како што се: земјоделие со фокус на сточарство како и туризам и угостителство со фокус во руралниот туризам.

- Искористување на новите технологии од телекомуникацијата како би се овозможило континуирано и неформална едукација на локалното население со што би се подобриле условите за младите и би се намалила миграцијата.

- Иако во моментов се забележува нова динамика по однос на патната инфраструктура препорачливо е градење на локални патишта на територија на ЛАГ-от. Во минатото централизацијата на локалните економии придонесоа за создавање на добра патна мрежа село-град и минимална поврзаност село-село. Ова е еден од поголемите и директни причинители за миграцијата село-град т.е. намалувањето на самоодржливоста на руралните средини и нивната зависност од градовите.

- Со изградбата на експресниот пат во правец на Бугарија, територијата на ЛАГ-от добива можност за подобра поврзаност и излез до нови пазари. Од голема важност е да се отворат поголем број на пристапни патишта – конектори, со овој пат и руралните средини. Со ова би се зголемила посетеноста на туристичките капацитети во оваа средина. Близината на патот до руралните места овозможува и изградба на капацитети од лесната и незагадувачка индустрија. Ова е посебно важно со оглед на тоа дека природата и пејсажите во подрачјето овозможуваат развој на туризмот.

- Инфраструктурен приоритет за овој ЛАГ е градење на мрежата село-село. Со подобрување на оваа мрежа руралните средини ќе се овозможи зголемување на трговската размена и со тоа да се овозможи и така малиот капитал да остане во руралните средини. Исто така, туристичките потенцијали, природни и антропогени, ќе бидат подобро искористени а приходот ќе биде подобро распределен т.е. приватни бизниси би имале еднакви можности и конкурентност.

- Зголемување на капацитетот на пограничните премини со Косово и Србија се исто така приоритетни области кој локалната власт треба да ги претстави и лобира на централно ниво.

- Енергетската инфратруктура која е застапена во Општина Куманово се искористува многу малку. Освен три фирми, природниот гас кој пристигнува од Русија не се искористува. Во моментов има најава за гасификација на градот Куманово која се препорачува да се изгради како би се подобрил животниот стандард на населението. Како што беше погоре напоменато, има можност и за гасификација во руралните места. Освен подобрување на животните услови, со ова ќе се овозможи и зачувување на животната средина. Термалните води исто така можат да бидат искористени за загревање на оранжериите и фармите но и со употреба на покомплексни технички решенија истата може да се дистрибуира и до домовите и туристичките капацитети.

- Комуналната инфраструктура е во голема мера проблем за оваа рурална средина. Цврстиот отпад кој во моментов се одлага на диви микро депонии претставува долгорочен проблем. Овој проблем, се планира, да се реши со изградба на регионална депонија која ќе го опслужува поширокиот регион. Приоритет за ова подрачје е изградбата на прочестителни станици за одпадните води во руралните средини. Истите во моментов се слеваат во септички јами со кои се загадуваат водите. Примарна канализациска мрежа е приоритет за сите рурални средини во ЛАГ-от.

- Територијата на ЛАГ-от има добра основа за развој на земјоделието. Образовниот систем нуди можност за равој на технички кадар во оваа област што придонесува кон континуирано подобрување на условите и стандардите за работа. На локално ниво потребно е да се направат обиди за окрупнување на парцелите со посеви и насади како и на микро-фармите, процес кој во моментов го води централната власт.

- Локалните самоуправи исто така можат да придонесат и кон подигнување на свеста за подобрување на условите во кои се одледуваат животните како и кон можноста за искористување на природните ресурси во исхраната на  како би се подигнал квалитетот производите. Исто така, потребно е да се разгледа можноста за одржување на посевите и насадите, кои се во руралните места, со користење на методи и практики од органското производство.

- Пчеларството во регионот има потенцијал да порасне во сериозна индустриска гранка која во моментов е сведена на фамилијарно занимање. Природата и одалеченоста од загадувачките индустрии ги овозможуваат непречен и растечки тренд во оваа индустриска гранка.

- Покрај ова, локалната власт и ЛАГ-от треба да се вклучат во едукација на земјоделското население за можностите кои се добиваат со окрупнување на земјоделските производствени површини и микро-фармите. Кооперативното здружување им нуди можност на земјоделците да ги намалат своите трошоци како и да го зголемат обемот и приходи.

## 8.2 Анализа на засегнати страни

| Јавен сектор | Приватен сектор | Граѓански сектор |
|---|---|---|
| **Заинтересирана страна** | **Заинтересирана страна** | **Заинтересирана страна** |
| Општини во регионот | Бучен Козјак Млекара | МРР на РМ |
| Министерство за МЗШВ | Стил кон-Метална индустрија | ЗЗП Куманово |
| АПРЗ-Куманово | Микро Тим- производство на мебел | Здруженија на фармери-Агро Култура |
| Центар за развој на СИПР | Земјоделство<br>АРБ Дуракушти-сточарство<br>Слупчане-живинарство | Фондација на мали и средни претпријатија |
| МЛС | Кватро-сокови | Здружение на угостители |
| АФПРЗРР | Шмеки - мебел | Сојуз на спортски здруженија |
| МПЦ и ИВЗ | Имери млин за брашно, Моша Мел, ИКС МИЛЕДИ, Фреш | Еколошки здруженија |
| Земјоделско училиште-Киро Бурназ | Тушевски- чевларство | Здружение на жени и млади |
| Агенција за вработување | Здравје Радово | Центар за меѓукултурен дијалог |
| Медиуми | ДС Фудс - кланица | ДРОМ |
| АППРМ | Угостителство ( Етно село, Корнер, Тераца, Панорама, Визиана | Бујрум |
| Министерство за труд и социјала | АГРО СТАРТ | |
| МЖСПП | Рибник – Дуле | |
| Центар за култура | Живинарски фарми | |
| Музеј | Каменоломи фирми ( негативно влијание) | |
| Министерство за култура | Вештач акумулации | |
| Министрество за транспорт и врски | | |
| Министерство за економија | Ветеринарни станици-Тодор Велков | |
| ЈП Пазари | Рециклирачки центар Грим Пет | |

| | | |
|---|---|---|
| | Аваси-репроцентар | |
| | Оранжерии<br>Кланица-Црибик<br>Месна индустрија Косиљак<br>Екстра Меин<br>Боџут-преработка на овошје и зеленчук<br>Винарии (премиум) | |

# 11. СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА „АБЕР 2015“

## 9.1 ВИЗИЈА

Преобразбата на територијата на ЛАГ „Абер 2015“ во средина со зголемен квалитет на живот во која е воспоставена и фунционира ефикасна и флексибилна економија како и обезбедени социо културни услуги не може да се постигне без инвестиции во подобрувањето на институциите, инфраструктурата, човечките ресурси и образовните потенцијали, воспоставување високи стандарди за квалитет и создавање повеќе можности и еднакви услови за учество на луѓето и правните субјекти во заедничкото носење одлуки за развојните политики и споделување на одговорноста за развој помеѓу сите учесници. Ваквата преобразба треба да се спроведе преку организирано, координирано и интегрирано управување на активностите и со вклучување на сите субјекти-засегнати страни во развојните напори поради координација на активностите и споделување на одговорноста при реализација на развојните мерки. При тоа, ваквата преобразба треба да се спроведува во насока на понатамошен раст на ЛАГ-от преку создавање можности за инвестиции, намалување на разликите во капацитетите на чинителите, отстранување на идентификуваните внатрешни слабости во рамки на ЛАГ-от и мобилизирањето на силните страни за искористување на постојните можности.

Ваквите организирани мерки и активности ќе резултираат ЛАГ-от да прерасне во развиена рурална средина кој создава услови за живот со високи квалитети, согласно потребите на граѓаните и останатите чинителите на ЛАГ-от.

Визијата за развој на ЛАГ-от „Абер 2015“е изработена согласно ЛЕАДЕР методологијата и Правилникот за содржината и методологијата за подготовка на стратегиите за локален развој на руралните средини и начинот за нивно одобрување (Сл. весник на РМ 40/2013). Таа е дефинирана како резултат на партиципативно учество на засегнатите страни во процесот на планирање и врз основа на релевантната законска рамка, наодите од анализите на состојбите во ЛАГ-от и е усогласена со клучните развојни и стратешки документи на субјектите од ова подрачје.

***<u>ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА:</u>***

***Подрачјето на ЛАГ „Абер 215 е крстосница на културите и традициите – простор на кој се спроведува рамномерен и одржлив рурален развој и место за растечки животен стадард како резултат на мултиетничката доработка на неговите жители.***

Визијата е стремеж - заеднички резултат на дијалогот на клучни чинители на територијата на ЛАГ-от и е производ на работата на учесниците на работилниците и работните средби за стратешко планирање планирање кои се одржаа во 2015 година.

Визијата претставува договор на заинтересираните страни за иднината на развојот на Територијата на ЛАГ-от „Абер 2915“. Таа, истовремено, ги вклучува и обврските кои треба да бидат преземени од сите чинитали заради нејзиното остварување.

Развојот на ЛАГ-от ќе се темели на соработка на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на начин кој суштински и оддржливо ќе ги користи расположливите природни ресурси, неговото културно богатство и традиција, трајно унапредувајќи го човечкиот и социјалниот капитал.

Дополнително, остварувањето на визијата ќе биде втемелено на мултифункционалното користење на просторот и отвореноста за нови идеи и знаења, иновативност и создавање синергии меѓу чинителите на начин кој ќе осигура социјален и стопански просперитет како и постојано унапредување на квалитетот на живот на населението.

## *9.2 МИСИЈА*

***„ЛАГ-от „Абер 2015“ посветено ќе работи на поддршка, поттикнување и развој на неговата територија, ќе обезбедува и ќе помага во изнаоѓање на извори за финансирање на проекти од интерес на населението и останатите субјекти и ќе обезбедува поддршка, презентирање и грижа за спроведување на стратегијата“.***

Развојот на територијата на ЛАГ-от ќе се темели на примена на современи методи и техники во создавањето на нови вредности на руралниот развој, модернизација на производството и услугите, професионално усовршување и мотивирање на човечкиот кадар, промовирање на вредности и одговорности со интегриран пристап, координација и транспарентно работење на сите носители на равојот на својата територија.

**Цели на мисијата:**

Мисијата на ЛАГ „Абер 2015“ за реализација на Стрешкиот план за рурален развој на се заснова на следниве цели:

1. Обезбедување услуги со постојан квалитет и стандард кои ќе резултираат со обезбедување избор на повеќе можности и еднакви услови за учество на сите носители на равојот на тероторијата на ЛАГ-от.
2. Унапредување и усовршување на управувачките процеси кои ќе создадат силна основа за зголемување на конкурентноста на ЛАГ-от, како и зголемување на атрактивноста на територијата како локација за инвестиции во руралната економија.

**Работа:**

ЛАГ-от ќе го планира развојот и ќе ги имплементира активностите на осмислен, структуриран и организиран начин преку сопствениот Стратешки план за рурален развој. Мисијата во развојот на руралната средина, ЛАГ-от ќе ја постигне преку:

1. Остварување на целите преку вклучување на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор во остварување на стратегијата и градење партнерства за реализација на предвидените активности.
2. Воведување на интегриран пристап во работата на сите чинители.

3. Професионално усовршување, надградба и воспоставување систем на мотивирање на човечкиот кадар во ЛАГ-от.
4. Поддршка во осовремување на условите за работа преку воспоставување стандарди за квалитет, примена на современи методи и усовршување на техниките и модернизација на средствата за работа.
5. Промовирање на позитивни вредности и одговорности на сите учесници во развојните активности.

## *9.3 Принципи - вредности*

Вредностите кои ЛАГ-от „Абер 2015“ ќе ги вгради во своето работење се дефинирани во Законот за земјодеслтво и рурален развој и подзаконските акти како и во методологијата на ЛЕАДЕР.

1. Локален развој заснован на територијата
2. Јавни-приватни партнерства
3. Спроведување на пристапот Оддолу-нагоре
4. Интегрирана и мултисекторска активност
5. Иновација
6. Вмрежување
7. Соработка

Заради ефикасност и ефективност во спроведувањето на имплементацијата на Стратешкиот план и постигнување на Визијата, тие ќе бидат надополнети со следниве принципи:

- **Соживот** - со цел да се обезбеди сигурна и позитивна средина во која живее наелението;
- **Одржливост и трајни вредности -** со цел да се обезбеди квалитетот во реализацијата на развојните процеси и истовремено да се создадат услови за функционирање ЛАГ-от;
- **Мотивираност** – со цел да се постигне максимален ефект во реализацијата на Стратегијата;
- **Законитост -** со цел да се осигура имплементација на донесениот стратешки документ во согласност со релевантното законодавство и општо јавно прифаќање од страна на локалното население;
- **Транспарентност** - со цел да се осигура отвореност при процесот на донесување одлуки, алокација на финансиските средства и работењето на институциите и субјектите на територијата на ЛАГ-от;
- **Професионалност и точност –** со цел да се спроведуваат активностите во согласност со законските норми и процедури и со користење на докажани позитивни практики и аргументираност на развојните одлуки;
- **Еднаквост –** со цел да се воспостави подеднаков однос кон сите граѓани, без разлика на нивната етничка, верска, полова, возрасна или друга социјална припадност;

- **Партиципативност** – со цел да се вклучат граѓаните и сите групи засегнати страни во процесите на консултации и реализација на стартегијата;
- **Континуираност** - со цел да се задржи и да се унапреди традицијата на создавање развојни проекти од заеднички интерес за подобрување на квалитетот на животот и одговорно вклучување и придонес во заедницата;
- **Отвореност и ориентираност -** со цел да се излезе во пресрет на потребите на граѓаните и пазарот на трудот, и
- **Унапредување на здравјето** - со цел да се создадат услови за здрава популација.

## *9.4 Стратегиска рамка*

Организацијата на вертикалната хиерархиска поставеност на Стратешкиот план е на три нивоа:

- Стратегиски цели
- Приоритети
- Мерки

Активностите се дефинирани и обработени низ примери и истите ќе бидат детално обработувани во годишните програи за реализација на Стратешкиот план.

**Стратегиски цели**

Стратегиските цели ги дефинираат насоките на дејствување во областите на интервенција. Преку нив може да се увидат и резултатите кои се сакаат да се постигнат. Целите можат да бидат постигнати, а со тоа и посакуваните резултати остварени само низ специфично дефинирани приоритети на дејствување и дизајнирани и насочени мерки и активности со кои се има намера да извршат позитивни влијанија и промена на состојбата.

**Приоритети:**

Приоритетите се дефинирани акции кои се клучни по важност во процесот на преземање конкретни мерки за постигнување на стратегиските цели и имплементацијата на стратегијата. Тие се во конзистентност со стратегиските цели и се дизајнирани истите да ги операционализираат. Секоја стратегиска цел има дефинирано неколку приоритети во форма на изјави кои ги објаснуваат специфичните резултати кои треба да се остварат. Секој приоритет ќе биде постигнат преку имплементација на серија мерки и активности кои се дополнително дефинирани.

**Мерки:**

Мерките се конкретни дејствија кои треба да се преземат со цел да се постигнат приоритетите за стратегиските цели.

***<u>СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ:</u>***

Врз основа на дефинирана Визија и Мисија, како и стратегиската политика произлезена од анализата на СВОТ факторите: силните страни и искористувањето на можностите, како и надминување на постоечките слаби страни и закани по однос на руралниот развој, засегнатите страни ги одредија следните четири стратегиски цели за рурлен развој на ЛАГ „Абер 2015“:

6. Унапредување на конкурентноста на земјоделството преку зголемен принос и подобар квалитет на земјоделските производи
7. Развој на руралната економија
8. Развој на рурален туризам и промоција на традиционална храна
9. Заштита и оддржливо искористување на животната средина
10. Подобрување на квалитетот на живот во руралната средина

***Приоритети и мерки за Стратегиска цел 1: Унапредување на конкурентноста на земјоделството преку зголемен принос и подобар квалитет на земјоделските производи***

1.1 Инвестирање во современа механизација

1.1.1 Мерка 1: Набавка на механизација за култивирање на почва

1.1.2 Мерка 2: Опрема за складирање и преработка за земјоделски производи

1.1.3 Мерка 3: Примена на современи методи во производство

1.2 Рационално искористување на природни ресурси

1.2.1 Мерка 1: Примена на системи капка по капка

1.2.2 Мерка 2: Лобирање за промена на позитивни законски промени

1.2.3 Мерка 3: Зголемено искористување на обновлива енергија во примарното земјоделско произвоство и прработката на храна:био, соларна и ветер

1.3 Едукација на земјоделци

1.3.1 Мерка 1:Одржување семинари, работилници и саеми за здрава храна

1.3.2 Мерка 2: Подобрување на знаењата на земјоделсците преку неформално образование

1.3.3 Мерка 3: Едукација за органско производство

***Приоритети и мерки за Стратегиска цел 2: Развој на руралната економија***

2.1 Поддршка за создавање Вериги на вредности за рурална економија

2.1.1 Мерка 1: Мапирање на потенцијални и природни ресурси за рурална еономија

2.1.2 Мерка 2: Испитување на потенцијалите за експлоатација на рудно-минерални суровини

2.1.3 Мерка 3: Испитување на потенцијалите за експлоатација на термоминерална вода како енергенс

2.1.4 Мерка 4: Испитување на потенцијалите за експлоатација на термоминерални води во терапевски цели ( здравствен и спортски туризам)

2.1.5 Мерка 5: Испитување на потенцијалите за користење на хидрографски потенцијал

2.1.6 Мерка 6: рационална експлоатација на шумско богатство

2.1.7 Мерка 7: Искористување на постоечки градежни објекти за економски цели

2.1.8 Мерка 8: Искористување на обновливи извори на енергија

2.2 Градење на човечки капацитети

2.2.1 Мерка 1: Едукација на население за правилно искористување и собирање на шумски плодови и диворастечки корисни растенија

2.2.2 Мерка 2: Зајакнување на претприемничеките вештини кај населението

2.2.3 Мерка 3: Едукација на менаџментот за поддршка на малите и средните претпријатија

2.2.4 Мерка 4: Едукација на населението за можностите за рурлен развој и подигање на квалитетот на живеење

2.3 Промоција на создадените вредности на руралните економии

2.3.1 Мерка 1: Промоција на стопанскиот потенцијал на ЛАГ-от

2.3.2 Мерка 2: Мапирање на стопанските субјекти и нивните приизводи

2.3.3 Мерка 3: Обезбедување поддршка во вмрежување и соработка на стопанските субјекти од ЛАГ-от со субјекти на национални и меѓунардно ниво

2.3.4 Мерка 4: Поддршка за маркетинг услуги за мали и микропретпијатија

2.3.5 Мерка 5: Поддршка при настап на саеми и промоции

2.3.6 Мерка 6: Поддршка при брендирање на производите од ЛАГ-от

### *3. Приоритети и мерки за Стратегиска цел 3: Развој на рурален туризам и промоција на традиционална храна*

3.1 Промовирање на туристички потенцијали на природни богатства

3.1.1 Мерка 1: Мапирање на природни богатства во туристички цели

3.1.2 Мерка 2: Проценка на квалитет и капацитет

3.1.3 Мерка 3: Валоризација и промоција на природните богатства

3.2 Промовирање на културно историски знаменитости

3.2.1 Мерка 1: Мапирање и валорозација на културно историски знаменитости во туристички цели

3.2.2 Мерка 2: Заштита на знаменитости , едукација и обука на локално население

3.2.3 Мерка 3: Поставување на туристичка сигнализација на културните знаменитости

3.3 Развој на сместувачки и угостителски капацитети

3.3.1 Мерка 1: Поддршка на зеинтересираните страни во искористување на мерка 302 од ИПАРД програмата

3.3.2 Мерка 2: Категоризација на приватните сместувачки капацитети во руралната средина

3.3.3 Мерка 3: Обука на населението за обезбедување ефикасни и современи услуги во приватните сместувачки капацитети

3.3.4 Мерка 4: Поддршка на приватните сместувачи во нивното мапирање на водечките сајтови за сместување (booking.com и сл.)

3.4 Промоција на традиционалната гастрономија

3.4.1 Мерка 1: Истражување на ретки и традиционални јадења и нивна промоција во угостителските објекти

3.4.2 Мерка 2: Организирање на гастрономски манифестации, локални панаѓури и други настани

## 4. *Приоритети и мерки за Стратегиска цел 4: Заштита и оддржливо искористување на животната средина*

4.1 Справување со климатски промени

4.1.1 Мерка 1: Заштита од поплави, проспекција на терен и изработка на планови, студии и програми

4.1.2 Мерка 2: Заштита од ерозија на почва (пошумување, заштитни појаси, зазеленување на површини)

4.1.3 Мерка 3: Намалена емисија на стакленички гасови, студии за искористување на обновливи извори на енергетски извори, стусии за искористување на биомаса, гасификација –промоција)

4.2 Справување со отпад

4.2.1 Мерка 1: Поттикнување на селектирање и рециклирање на домашен отпад

4.2.2 Мерка 2: Промоција и поттикнување на компостирање на градински отпад

4.2.3 Мерка 3:Справување со градежен шут

4.2.4 Мерка 4: Справување со животински отпад

4.2.5 Мерка5: Справување со отпадни води

4.3 Едукација и промоција на активности за заштита на животна средина

4.3.1 Мерка 1: Организирање на младински еколошки летни школи

4.3.2 Мерка 2: Изработка на катастар на загадувачи

4.3.3 Мерка 3: Изработка на промотивен материјал

4.3.4 Мерка 4:Медиумска промоција

4.3.5 Мерка 5:Еко паркови

4.3.6 Мерка 6:Заштита на автохтони видови-биодиверзитет

4.3.7 Мерка 7: Промоција и поддршка на еко-градби

## *5. Приоритети и мерки за Стратегиска цел 5: Подобрување на квалитетот на живот во руралната средина*

5.1 Подобрување на инфраструктурата во руралните заедници

5.1.1 Мерка 1: Подобрување на локалната патна мрежа

5.1.2 Мерка 2: Подобрување на пристапот до земјоделските стопанства

5.1.3 Мерка 3: Уредување на речните корита во руралните заедници

5.1.4 Мерка 4: Уредување на централните подрачја во руралните зедници

5.1.5 Мерка 5: Подобрување на уличното освелтување во руралните зедници

5.2 Подобрување на социо-културите услуги во руралните заедници

5.2.1 Мерка 1: Реконструкција и опремување на домовите на култура и задруѓните домови

5.2.2 Мерка 2: Изградба и реконструкција на локални музеи

5.2.3 Мерка 3: Поддршка на развој на културни здруженија

5.2.4 Мерка 4: Унапредување на социјалните услуги во руралните заедници

5.2.5 Мерка 5: Поддршка на спортски активности заради подобрување на менталното, физичкото и емоционално здравје на населението

5.3 Поддршка на вмрежување и комуникација на руралното население за остварување на сопствените интереси

5.3.1 Мерка 1: Обезбедување на услови за соработка на населението преку национална и меѓународна соработка на ЛАГ-от

5.3.2 Мерка 2: Поддршка при формирање на здруженија на територија на ЛАГ

5.3.3 Мерка 3: Обука за институционалне развој на здруженија на територија на ЛАГ

## 9.5 Можни активности и проекти:

- Потикнување на земјоделците за консолидација на земјоделското земјиште
- Геолошка студија за рудно богатство, испитување на потенцијалите и искористување на рудата
- Промоција на рудниот потенцијал на регионот
- Развој на риболовен туризам
- Искористување на тресет во атарот на манастирот карпино
- Промоција и развој на селски здравствен туризам
- Промоција за искористување на минерална вода
- Промоција на културен туризам (рхеолошко, религиозно и културно богатство)
- Искористување и адаптација на старите објекти во руралните средини за социјални и здравствени потреби
- Градење на капацитети на младите за туристички услуги
- Поддршка за искористување на ипард фондовите
- Анализа на потреби за обезбедување на услуги за ран детски развој
- Едукација за агроеколошки мерки и примена на добра земјоделска пракса
- Проекти за енергетска ефикасност на јавните објекти
- Проекти за искористување на обновливи извори на енергија
- Младински кампови-регионални и меѓународни
- Проекти за пошумување, воспоставување и обнова на заштитни појаси
- Промоција на производство на органска и традиционална храна
- Анализа/студија за дислокација на јеловина и заштита на животна средина
- Прифатни центри на жртви на семејно насилство / домови за стари лица
- Едукација за возрасни и земјоделци
- Мапирање и одбележување на туристички потенцијални и културни знаменитости
- СОС центри
- Развој на планинарски туризам
- Искористување на шумски плодови-собирање и откуп

- Покренување на иницијатива за управување со отпад и чистење на депонии
- Обука за жени од рурални средини за земјоделство ( користење на механизација и модернизација)
- Проекти за родова рамноправност
- Едукација на младите за искористување на фондови и поттикнување на претприемништво
- Проекти за мултиетничко разбирање
- Јакнење на граѓанскиот сектор
- Изработка на студија за експлоатација на рудно-минерална вода
- Изработка на студија за експлоатација на геотермална и минерална вода
- Промоција и запознавање на популацијата со целите на ЛАГ-от
- Едукација на населението за можностите за рурлен развој и подигање на квалитетот на живеење
- Мапирање на природни ресурси и потенцијали за локален развој
- Активности за соработка со локална самоуправа, државни институции и ЕУ институции.

# 12. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА Рурален РАЗВОЈ ЛАГ „Абер 2015“ (2015 – 2020)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА МАТРИЦА (2015 – 2020)** | | | |
| **Визија**<br><br>***Подрачјето на ЛАГ „Абер 215 е крстосница на културите и традициите – простор на кој се спроведува рамномерен и одржлив рурален развој и место за растечки животен стадард како резултат на мултиетничката доработка на неговите жители.*** | | | |
| **Мисија**<br>***„ЛАГ-от „Абер 2015“ посветено ќе работи на поддршка, поттикнување и развој на неговата територија, ќе обезбедува и ќе помага во изнаоѓање на извори за финансирање на проекти од интерес на населението и останатите субјекти и ќе обезбедува поддршка, презентирање и грижа за спроведување на стратегијата“.*** | | | |
| **Стратегиска цел 1** | Унапредување на конкурентноста на земјоделството преку зголемен принос и подобар квалитет на земјоделските производи | | |
| | **Приоритет 1.1** | Инвестирање во современа механизација | |
| | | **Мерка 1.1.1** | Набавка на механизација за култивирање на почва |
| | | **Мерка 1.1.2** | Опрема за складирање и преработка за земјоделски производи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Мерка 1.1.3** | Примена на современи методи во производство |
| | **Приоритет 1.2** | Рационално искористување на природни ресурси | |
| | | **Мерка 1.2.1** | Примена на системи капка по капка |
| | | **Мерка 1.2.2** | Лобирање за промена на позитивни законски промени |
| | | **Мерка 1.2.3** | Зголемено искористување на обновлива енергија во примарното земјоделско произвоство и прработката на храна:био, соларна и ветер |
| | **Приоритет 1.3** | Едукација на земјоделци | |
| | | **Мерка 1.3.1** | Одржување семинари, работилници и саеми за здрава храна |
| | | **Мерка 1.3.2** | Подобрување на знаењата на земјоделсците преку неформално образование |
| | | **Мерка 1.3.3** | Едукација за органско производство |
| **Стратегиска цел 2** | Развој на руралната економија | | |
| | **Приоритет 2.1** | Поддршка за создавање Вериги на вредности за рурална економија | |
| | | **Мерка 2.1.1** | Мапирање на потенцијални и природни ресурси за рурална еономија |
| | | **Мерка 2.1.2** | Испитување на потенцијалите за експлоатација на рудно-минерални суровини |
| | | **Мерка 2.1.3** | Испитување на потенцијалите за експлоатација на термоминерална вода како енергенс |
| | | **Мерка 2.1.4** | Испитување на потенцијалите за експлоатација на термоминерални води во терапевски цели ( здравствен и спортски туризам) |
| | | **Мерка 2.1.5** | Испитување на потенцијалите за користење на хидрографски потенцијал |
| | | **Мерка 2.1.6** | Рационална експлоатација на шумско богатство |
| | | **Мерка 2.1.7** | Искористување на постоечки градежни објекти за економски цели |
| | | **Мерка 2.1.8** | Искористување на обновливи извори на енергија |
| | **Приоритет 2.2** | Градење на човечки капацитети | |
| | | **Мерка 2.2.1** | Едукација на население за правилно искористување и собирање на шумски плодови и диворастечки корисни растенија |
| | | **Мерка 2.2.2** | Зајакнување на претприемничеките вештини кај населението |
| | | **Мерка 2.2.3** | Едукација на менаџментот за поддршка на малите и средните претпријатија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Мерка 2.2.4** | Едукација на населението за можностите за рурлен развој и подигање на квалитетот на живеење |
| | **Приоритет 2.3** | Промоција на создадените вредности на руралните економии | |
| | | **Мерка 2.3.1** | Промоција на стопанскиот потенцијал на ЛАГ-от |
| | | **Мерка 2.3.2** | Мапирање на стопанските субјекти и нивните приизводи |
| | | **Мерка 2.3.3** | Обезбедување поддршка во вмрежување и соработка на стопанските субјекти од ЛАГ-от со субјекти на национални и меѓународно ниво |
| | | **Мерка 2.3.4** | Поддршка за маркетинг услуги за мали и микропретпијатија |
| | | **Мерка 2.3.5** | Поддршка при настап на саеми и промоции |
| | | **Мерка 2.3.6** | Поддршка при брендирање на производите од ЛАГ-от |
| **Стратегиска цел 3** | Развој на рурален туризам и промоција на традиционална храна | | |
| | **Приоритет 3.1** | Промовирање на туристички потенцијали на природни богатства | |
| | | **Мерка 3.1.1** | Мапирање на природни богатства во туристички цели |
| | | **Мерка 3.1.2** | Проценка на квалитет и капацитет |
| | | **Мерка 3.1.3** | Валоризација и промоција на природните богатства |
| | **Приоритет 3.2** | Промовирање на културно историски знаменитости | |
| | | **Мерка 3.2.1** | Мапирање и валорозација на културно историски знаменитости во туристички цели |
| | | **Мерка 3.2.2** | Заштита на знаменитости , едукација и обука на локално население |
| | | **Мерка 3.2.3** | Поставување на туристичка сигнализација на културните знаменитости |
| | **Приоритет 3.3** | Развој на сместувачки и угостителски капацитети | |
| | | **Мерка 3.3.1** | Поддршка на зеинтересираните страни во искористување на мерка 302 од ИПАРД програмата |
| | | **Мерка 3.3.2** | Категоризација на приватните сместувачки капацитети во руралната средина |
| | | **Мерка 3.3.3** | Обука на населението за обезбедување ефикасни и современи услуги во приватните сместувачки капацитети |
| | | **Мерка 3.3.4** | Поддршка на приватните сместувачи во нивното мапирање на водечките сајтови за сместување (booking.com и сл.) |
| | **Приоритет 3.4** | Промоција на традиционалната гастрономија | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Мерка 3.4.1** | Истражување на ретки и традиционални јадења и нивна промоција во угостителските објекти |
| | | **Мерка 3.4.2** | Организирање на гастрономски манифестации, локални панаѓури и други настани |
| **Стратегиска цел 4** | Заштита и оддржливо искористување на животната средина | | |
| | **Приоритет 4.1** | Справување со климатски промени | |
| | | **Мерка 4.1.1** | Заштита од поплави, проспекција на терен и изработка на планови, студии и програми |
| | | **Мерка 4.1.2** | Заштита од ерозија на почва (пошумување, заштитни појаси, зазеленување на површини) |
| | | **Мерка 4.1.3** | Намалена емисија на стакленички гасови, студии за искористување на обновливи извори на енергетски извори, стусии за искористување на биомаса, гасификација –промоција) |
| | **Приоритет 4.2** | Справување со отпад | |
| | | **Мерка 4.2.1** | Поттикнување на селектирање и рециклирање на домашен отпад |
| | | **Мерка 4.2.2** | Промоција и поттикнување на компостирање на градински отпад |
| | | **Мерка 4.2.3** | Справување со градежен шут |
| | | **Мерка 4.2.4** | Справување со животински отпад |
| | | **Мерка 4.2.5** | Справување со отпадни води |
| | **Приоритет 4.3** | Едукација и промоција на активности за заштита на животна средина | |
| | | **Мерка 4.3.1** | Организирање на младински еколошки летни школи |
| | | **Мерка 4.3.2** | Изработка на катастар на загадувачи |
| | | **Мерка 4.3.3** | Изработка на промотивен материјал |
| | | **Мерка 4.3.4** | Медиумска промоција |
| | | **Мерка 4.3.5** | Еко паркови |
| | | **Мерка 4.3.6** | Заштита на автохтони видови-биодиверзитет |
| | | **Мерка 4.3.7** | Промоција и поддршка на еко-градби |
| **Стратгиска цел 5** | Подобрување на квалитетот на живот во руралната средина | | |
| | **Приоритет 5.1** | Подобрување на инфраструктурата во руралните заедници | |
| | | **Мерка 5.1.1** | Подобрување на локалната патна мрежа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Мерка 5.1.2** | Подобрување на пристапот до земјоделските стопанства |
| | | **Мерка 5.1.3** | Уредување на речните корита во руралните заедници |
| | | **Мерка 5.1.4** | Уредување на централните подрачја во руралните зедници |
| | | **Мерка 5.1.5** | Подобрување на уличното освелтување во руралните зедници |
| | **Приоритет 5.2** | Подобрување на социо-културните услуги во руралните заедници | |
| | | **Мерка 5.2.1** | Реконструкција и опремување на домовите на култура и задружните домови |
| | | **Мерка 5.2.2** | Изградба и реконструкција на локални музеи |
| | | **Мерка 5.2.3** | Поддршка на развој на културни здруженија |
| | | **Мерка 5.2.4** | Унапредување на социјалните услуги во руралните заедници |
| | | **Мерка 5.2.5** | Поддршка на спортски активности заради подобрување на менталното, физичкото и емоционално здравје на населението |
| | **Приоритет 5.3** | Поддршка на вмрежување и комуникација на руралното население за остварување на сопствените интереси | |
| | | **Мерка 5.3.1** | Обезбедување на услови за соработка на населението преку национална и меѓународна соработка на ЛАГ-от |
| | | **Мерка 5.3.2** | Поддршка при формирање на здруженија на територија на ЛАГ |
| | | **Мерка 5.3.3** | Обука за институционалне развој на здруженија на територија на ЛАГ |